# ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Македонска национална коалиција на невладини организации за правата на детето**

**Скопје, 2015**

**ISBN 978-608-4603-05-4**

**Наслов:** Извештај за остварување на правата на децата во Република Македонија подготвен од Националната коалиција на невладини организации за правата на детето

**Издавач:** Прва детска амбасада во светот Меѓаши -Република Македонија

**Извршен директор и основач:** м-р Драги Змијанац

**Автор:** Македонска национална колиција на невладини организации за правата на детето

**Уредник:** Јана Зенговска

**Ментор:** Катерина Конеска

**Лектор:** Лидија Вангелова

**Графичка подготовка и печатење:** „Алма“

**Тираж:** 250

**Адреса на издавачот:**

Прва детска амбасада во светот Меѓаши-Република Македонија

Ул. Коста Новаковиќ бр.22а, 1000 Скопје, Република Македонија

Тел/факс +389 2 2465 316

E-mail: info@childrensembassy.org.mk

www.childrensembassy.org.mk

Оваа публикација е изготвена со финансиска поддршка од Детскиот фонд на Обединетите нации (УНИЦЕФ). Ставовите изразени во оваа публикација се на авторите и нужно не ги рефлектираат погледите и политиките на УНИЦЕФ

## СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР ........ 7**

**ВОВЕД ........ 8**

Активности на Коалицијата во рамките на проектот „Градење на капацитетот на невладиниот сектор во мониторирање на правата на детето“ ........ 10

Методолошка поставеност ........ 11

Коалиција за мониторинг на правата на детето ........ 13

Проблеми што се појавија во текот на истражувањето ........ 15

Начин на спроведување мониторинг на состојбата на правата на децата ........ 15

**1. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА РОМИ ........ 18**

1.1 Опис на процесот ........ 19

1.2 Начин на спроведување ........ 19

1.3 Методологија ........ 19

1.4 Резултати ........ 20

1.4.1 Приказ на општи податоци ........ 20

1.4.2 Вклученост на децата Роми во предучилишно образование ........ 22

1.4.3 Вклученост на децата Роми во основното образование ........ 26

1.4.4 Вклученост на децата Роми во средно образование ........ 29

**2. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ........ 33**

2.1 Опис на процесот ........ 34

2.2 Методологија ........ 35

2.3 Резултати ........ 35

2.3.1 Вкупен број деца со посебни образовни потреби, вклучени во образовни институции ........ 36

2.3.3 Видот на наставата што ја посетуваат децата со ПОП во примарното образование 38

2.3.4 Тешкотии со кои се соочуваат образовните институции во секојдневната работа со ученици со ПОП ........ 39

2.3.5 Какви мерки презеле образовните институции за да се олесни пристапот и вклучувањето на децата со ПОП во образовниот систем ........ 40

2.3.6 Каков тип на директна поддршка сте добиле за да ја унапредите работата со децата со ПОП? ........ 41

2.4 Препораки ........ 41

**3. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДЕЦАТА НА УЧЕСТВО ........ 42**

3.1 Методологија ........ 42

3.2 Органи на управување во училиштето ... 43
3.3 Стручни органи во училиштата ... 43
3.4 Совет на родителите ... 44
3.5 Средношколско организирање во училиштето ... 44
3.6 Средношколско организирање на национално ниво ... 46
**4. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА НА ЗДРАВЈЕ ... 46**
4.1 Имунизација ... 47
4.1.1 Методологија ... 47
4.1.2 Резултати ... 47
Преглед на училиштен лекар ... 48
4.1.3 Препораки ... 48
4.2 Здравје на адолесценти ... 48
4.2.1 Методологија ... 48
4.2.2 Резултати ... 49
4.2.3 Препораки ... 49
**ДОЕЊЕ ... 50**
4.3 Методологија ... 50
4.4 Резултати ... 51
4.5 Едукативни програми за мајки родилки за доењето ... 51
4.6 Број на новоотворени центри за ран детски развој во општините Битола, Новаци и во Могила, ... 51
4.7 Програми за работа со родители ... 52
4.8 Препораки ... 52
**5. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА КОИШТО УПОТРЕБУВААТ ДРОГА ... 53**
5.1 Методологија ... 53
5.2 Резултати ... 54
5.3 Препораки ... 54
**6. МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА ... 55**
6.1 Методологија ... 55
6.1.1 Начин на собирање на податоците ... 55
6.2 Резултати ... 56
Процент на малолетници кои извршиле кривични дела од вкупниот број кривични дела извршени во 2013 година ... 56
6.2.1 Препораки ... 58
6.3 Број на малолетници обвинети за организиран криминал и корупција ... 58

6.3.1 Начин на собирање на податоците ... 59
6.3.2 Број на малолетници жртви на организиран криминал и корупција ... 59
6.3.3 Препораки ... 61
6.4 Семејно насилство ... 62
**7. Остварување на правото на образование на малолетниците во воспитно-поправните институции ... 63**
7.1 Методологија ... 63
7.2 Остварување на правото на образование на малолетниците во воспитно-поправните институции ... 64
7.3 Резултати ... 64
7.4 Коментар на податоците ... 65
7.5 Препораки ... 66
**8. ДЕЦА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА ... 66**
8.1 Методологија ... 67
8.2 Резултати ... 68
8.2.1 Процент на идентификувани деца жртви на трговија со луѓе во вкупниот број евидентирани жртви на трговија (во Отворена Порта/Ла Страда) ... 68
8.2.2 Процент на идентификувани деца под висок ризик да станат жртви на трговијата со луѓе во вкупниот број евидентирани потенцијални жртви на трговија (во Отворена Порта / Ла Страда) ... 71
8.2.3 Обезбедени услуги за децата вклучени во програмата на „Отворена Порта“ за 2013-2014 ... 71
8.3 ПРЕПОРАКИ ... 72
**9. ПРИЛОЗИ ... 74**
**10. ИНФОРМАЦИИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ - ЧЛЕНКИ НА НАЦИОНАЛНАТА КОАЛИЦИЈА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ... 93**

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

**ВПД -** Воспитно поправен дом

**ИТ -** Информатичка технологија

**КД** - Кривично дело

**КЗ** - Кривичен законик

**КПД** - Конвенција за правата на детето

**МВР** - Министерство за внатрешни работи

**МОН** - Министерство за образование и наука

**МТСП** - Министерство за труд и социјална политика

**НВО** - Невладина организација

**ОН -** Обединети нации

**ОУ** - Основни училишта

**ПОП** - Посебни образовни потреби

**РЗМ-** Ромски здравствен медијатор

**РМ** - Република Македонија

**СВР** - Секретаријат за внатрешни работи

**ЦРДР** - Центри за ран детски развој

**ЦСР** - Центар за социјална работа

**ПРЕДГОВОР**

Извештајот за остварување на правата на децата во Република Македонија дава општа слика за состојбата со остварувањето на правото на образование на децата со посебни образовни потреби, како и вклученоста на децата Роми во целокупниот образовен процес. Во овој извештај се разгледуваат и состојбите во областа на доењето, малолетничката правда, почитувањето на правата на децата во областа на детското учество, децата кои употребуваат дрога и децата жртви на продажба, трговија и киднапирање.

При следењето на состојбата со правата на децата во погоре наведените области, како основа беше земена Конвенцијата за правата на детето (КПД), двата Факултативни протокола кон КПД и Препораките од Комитетот на Обединетите нации за правата на детето, коишто беа испратени до Република Македонија во 2010 година.

Овој извештај го опфаќа следењето на состојбата со правата на децата во периодот на 2013 и првата половина од 2014 година. Извештајот е подготвен од неформалната Коалиција на невладини организации за правата на детето, којашто е основана и координирана од страна на Првата детска амбасада во светот Меѓаши, а во неа, заедно со Детската амбасада Меѓаши, членуваат 14 организации и една коалиција на граѓански организации.

Најважните наоди во однос на спроведувањето и почитувањето на правата на децата во наведените области се наведени во извештајот во форма на позначајни резултати до кои сме дошле преку сознанија, генерални согледувања и заклучоци. Извештајот се заокружува со препораки, коишто ги даваме како Коалиција, со цел подобро остварување на правата на децата преку целосна имплементација на водечкиот меѓународен документ кој ги дефинира правата на децата, Конвенцијата за правата на детето.

Како Коалиција, би сакале да искажеме благодарност до сите што  се вклучија во собирањето на податоците, како даватели на податоци или како учесници во обезбедувањето податоци. Нивното учество и споделување на информациите беше повеќе од добредојдено затоа што покрај тоа што помогна за подготовката на овој извештај, воедно помага и за креирање подобар свет за децата.

Подготовката на овој извештај е поддржана од страна на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија преку проектот „Градење на капацитетите на невладиниот сектор во мониторирањето на детските права“.

## ВОВЕД

Овој извештај за остварување на правата на децата во Република Македонија претставува резултат на процес кој е реализиран со цел испитување и анализирање на степенот на остварување на правата во секојдневниот живот. Процесот на подготовката на извештајот се одвиваше во периодот од февруари до јуни 2013 година, во согласност со методологијата што ја разви Коалицијата на невладини организации за заштита на правата на децата, во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје.

При подготовката на извештајот беа преземени повеќе активности:

- анализа на релевантната документација и статистика
- организирање и спроведување интервјуа
- сублимирање и анализирање на податоците што ги собираат организациите како дел од нивната секојдневна работа
- спроведување конкретно истражување и анализа на резултатите добиени од истражувањето

Структурата на извештајот е составена од воведен дел во кој се прикажуваат главните наоди од спроведеното истражување, опишана е методологијата што е користена при собирањето на податоците, како и при подготовката на извештајот, како и најважните предизвици и препораки што произлегоа од спроведеното мониторирање.

Извештајот понатаму опфаќа 9 поглавја:

**Првото поглавје** се однесува на вклученоста на децата Роми во образованието.

**Второто поглавје** се однесува на образованието на децата со посебни образовни потреби, односно нивната вклученост во целокупниот образовен систем во Република Македонија.

**Третото поглавје** се однесува на правото на децата на детско учество, каде што е даден поголем осврт на учеството на младите во средношколското организирање и донесување на одлуките на ниво на училиште.

**Четвртото поглавје** дава преглед на остварувањето на правата на децата на здравје, поточно, во еден дел фокусот е ставен на имунизација на децата и во друг дел на информираноста на децата за превенцијата од ХИВ/СИДА.

**Петтото поглавје** ја обработува темата за доењето.

**Шестото поглавје** се однесува на мерките за заштита на децата коишто употребуваат дрога.

Во **Седмото поглавје** се обработуваат теми од областа на малолетничката правда.

**Осмото поглавје** се однесува на остварувањето на правото на децата на образование во воспитно-поправи институции.

**Деветтото поглавје** се однесува на положбата на децата жртви на продажба, трговија и киднапирање.

Најважните наоди добиени во текот на процесот се претставени во главни заклучоци и препораки од Коалицијата на невладини организации за правата на детето. Како коалиција, се надеваме и очекуваме дека овие заклучоци ќе бидат појдовна основа за креирање политики и стратегии на Република Македонија. Креираните политики и стратегии веруваме дека ќе бидат во насока на подобрување на почитување на правата на децата, унапредување на добробитот на децата и креирање општество во кое децата ќе имаат целосно учество во општествените текови што се во нивни интерес.

**Општ пристап и вредности на Коалицијата на невладини организации за правата на детето**

Македонската национална коалиција на невладини организации за заштита на правата на детето (неформална коалиција) е формирана на 13 ноември 1997 година со седиште – секретаријат во Првата детска амбасада во светот Меѓаши. Коалицијата е оформена со цел подобра заштита на децата и на нивните права, како и за да одговори најдобро на барањата на Комитетот за правата на детето при Обединетите нации (ОН).

Главната цел на оваа иницијатива е да придонесе за подобрување на состојбата на децата и подобро спроведување на КПД преку систематско следење и известување за состојбата на децата, вклучувајќи го и следењето и напредокот во спроведувањето заклучни согледувања на Комитетот за правата на детето при ОН од страна на надлежните органи. Оваа цел би се постигнала преку исполнувањето на следниве цели и задачи:

- Следење на имплементацијата на Конвенцијата за правата на детето (КПД) во Република Македонија
- Изготвување годишни извештаи за состојбата со правата на детето. Извештаите што ги подготвува Македонската национална коалиција за правата на детето се со цел да го информираат Комитетот за правата на детето во Женева и релевантните министерства за нивните клучни согледувања за состојбата со правата на децата во Република Македонија. Воедно, Македонска национална коалиција на граѓански

организации за заштита на правата на детето, ќе побара од Националната комисија за правата на децата при Владата на Република Македонија и од надлежните министерства да нѐ информираат за мерките што ги преземаат и за согледувањата што ги имаат во процесот на имплементација на КПД во Република Македонија.

- Податоците со кои располагаат членовите на Коалицијата и извештаите што се подготвуваат би се користеле за планирање на програмите за развој, за застапување и за решавање на постојните проблеми со цел да се заштитат правата на децата.

- Застапување, лобирање за детските права, како и реагирање, секогаш кога ќе се увиди дека одредено детско право е повредено, оспорено или загрозено.

Крајниот резултат треба да е подобрување на состојбата со правата на децата и поуспешно спроведување на КПД, на препораките на Комитетот, како и следење на Националната комисија за правата на децата при Владата на Република Македонија, министерствата и надлежните државни органи во спроведувањето на препораките на Комитетот за правата на детето при ООН.

**Активности на Коалицијата во рамките на проектот „Градење на капацитетот на невладиниот сектор во мониторирање на правата на детето“**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши, како координатор на Македонската национална коалиција на граѓански организации за заштита на правата на детето, во јануари 2011 почнува со спроведување на проектот „Градење на капацитетот на невладиниот сектор во мониторирање на правата на детето“ кој е предвидено да трае три години, во периодот од јануари 2011 година до 2015 година. Овој проект има задача да ги зајакне капацитетите на различните релевантни чинители; да ги надгради знаењата и вештините на граѓанските организации со цел да ги користат и да ги обработуваат на соодветен начин индикаторите поврзани со планирање, буџетирање и управување на активностите во мониторирањето на детските права на национално и на локално ниво.

Овој извештај претставува дел од очекуваните резултати од споменатиот проект, кој, меѓу другото, има за цел и да ја поддржи Коалицијата на невладини организации, во насока на размена на информации за прашања од заеднички интерес, поврзани со децата и нивните права. Размената на искуства и знаења меѓу НВОи, помага да се создаде посилен глас за застапување, јакнење на нивните капацитети,

мобилизација на ресурсите, а ќе биде поодржлив за продолжување на процесот во иднина.

Детската амбасада Меѓаши ја препознава и улогата на децата во мониторирањето на детските права, со акцент на проблемот за вклученост на децата во процесот на донесување одлуки на сите нивоа во општеството.

**Методолошка поставеност**

Овој извештај е подготвен во согласност со методологијата што е развиена на заедничката работилница на организациите членки на неформалната Коалиција на невладини организации за правата на децата која беше организирана во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Македонија.

Извештајот ги претставува резултатите од истражувањето чијашто цел беше да се испита и да се анализира колку се спроведуваат одредбите од Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија.

За потребите на овој извештај се анализирани следниве области:

- Вклученоста на децата Роми во образованието
- Правата на децата со посебни образовни потреби во образовниот систем
- Детското учество како еден од генералните принципи врз кои се темели Конвенцијата за правата на децата
- Правата на децата на здравствена заштита
- Правата на децата што употребуваат дрога
- Новороденчиња/доење
- Децата жртви на трговија
- Малолетничката правда

Процесот на подготовка на извештајот се одвиваше во повеќе фази. Првата фаза беше посветена на подготвителни активности, дефинирање на тимот и координаторите што ќе работат во процесот на подготовка на извештајот, идентификување на целните групи и вклучување на релевантните фактори во процесот на мониторирање. Втората фаза опфаќаше анализа на членовите од КПД и на препораките од оваа Конвенција што ги испрати Комитетот за правата на детето во јуни 2010 година до Владата на Република Македонија. Во рамките на оваа фаза беа издвоени и делови од членовите на КПД и препораките според кои оваа Коалиција ќе

собира податоци за состојбата во пракса. Беа одредени индикатори според кои подоцна дел од организациите членки на Коалицијата спроведоа истражување согласно со идентификуваните индикатори за конкретна дефинирана област од детските права.

Беше спроведено наменско истражување што се однесуваше на вклученоста на децата Роми во образованието што подразбира предучилишно образованите, основно училиште и средно училиште; вклученоста и третманот на децата со посебни образовни потреби во образование (предучилишно образование, основно училиште и средно училиште); учеството на средношколците во донесувањето одлуки на ниво на средните училишта и средношколското организирање.

Друг дел на организациите, коишто водат одредени податоци за одредена област од детските права, како дел од нивната секојдневна работа, истите ги адаптираа на поставените индикатори, ги сублимираа и анализираа и ги споделија за потребите на овој извештај. Па така, беа анализирани и податоци од областа на правата на децата корисници на дрога; децата жртви на продажба, трговија и киднапирање; беа анализирани и податоци од областа на малолетничката правда: имунизацијата на децата, информираноста на младите за начинот на пренесување на ХИВ вирусот и начините за заштита и сл.

Следната, третата фаза опфаќаше прецизирање на индикаторите и дефинирање на начините за добивање на потребните податоци. За истражувањето, коешто беше направено наменски за овој извештај, беа подготвени и приспособени прашалници: Прашалник за вклученоста на децата Роми од 3 до 5 години во установите за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, Прашалник за вклученост на децата Роми во основното и во средното образование**.** Прашалник за процесот на образование на учениците со посебни образовни потреби во предучилишни установи, основно училиште и во средно училиште.[1] Потоа беа определени општините во кои организациите ќе ги собираат податоците за овие области, односно училишта и градинки кои ќе бидат предмет на ова истражување, а територијално се наоѓаат во определените општини.

Четвртата фаза опфаќаше спроведување на истражувањето од страна на организациите што учествуваа и истото се однесуваше на вклученоста во образованието на децата со посебни образовни потреби и истражувањето од областа на вклученоста на децата Роми во образованието. Организациите што располагаат со податоци добиени од своето практично искуство ги анализираа податоците и ги споредуваа со претходните години.

[1]Прашалниците се достапни како Прилози од овој Извештај

По спроведеното истражување, односно анализирање на податоците, Коалицијата на невладини организации за правата на детето го подготви овој извештај во кој се наведени главните наоди, заклучоците што произлегоа и препораките како насока за натамошно постапување во областа на правата на децата.

Овој извештај, покрај тоа што има карактер на мониторинг извештај, има за цел да го зајакне системот за собирање податоци воопшто во Република Македонија и да обезбеди податоци како основа за проценка на напредокот кој е постигнат во реализацијата на правата на детето. Тоа пак во иднина ќе помогне околу креирањето политики за имплементација на Конвенцијата.

Воедно, по публикувањето на овој извештај, ќе организираме еден настан за да ги промовираме клучните наоди и заклучоци, а со тоа ќе влијаеме и врз зголемувањето на информираноста за детските права, за степенот на нивното почитување, освен во стручната јавност и во пошироката јавност.

Иако Комитетот на Обединетите нации за правата на детето посочи дека „се забележува тековен развој околу системот на податоци за детска заштита, сепак, заклучува дека не постои системски пристап кон собирањето податоци за да се следи состојбата на децата во Република Македонија, и не постои централизирана база на податоци генерално за деца, и особено за децата што се спаѓаат во ранливите категории".[2] Токму затоа при подготовката на овој извештај бевме насочени кон тоа да покриеме повеќе општини во Република Македонија. Беа селектирани урбани и рурални општини со цел да се добијат сознанија за тоа каква е состојбата по одредено прашање за детските права во урбаните општини, а каква во руралните општини. Дали постои разлика, каква е разликата и на што се должи истата? При подготвувањето на извештајот, податоците се сегрегирани, односно распределени по повеќе основи, колку што беше можно да се соберат податоци и да се анализираат. Дел од податоците се врз основа на пол, етничка припадност, место на живеење (рурална или урбана средина), со посебен акцент на децата што се наоѓаат во ранлива состојба.

## Коалиција за мониторинг на правата на детето

Неформалната Коалицијата на невладини организации за мониторирање на правата на децата е основана на иницијатива на Првата детска амбасада во светот Меѓаши во 1997 година. Коалицијата е составена од граѓански организации, коишто во

[2] Комитет за правата на детето; Разгледување на извештаите поднесени од државите членки според член 44 од Конвенцијата; Завршни забелешки; CRC/C/MKD/CO/2, 11 јуни 2010 год.

http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/CRC.C.M1KD.ConcludingObservationsMK%281%29.pdf

дел од своето дејствување се занимаваат со правата на децата. Во овој момент, 15 организации се членки на оваа неформална Коалиција. Коалицијата е посветена на остварување на правата на децата и на сите принципи содржани првенствено во Конвенцијата за правата на детето и двата Факултативни протокола кон оваа Конвенција. Сите организации членки на оваа Коалиција во својата работа се водат од најдобриот интерес на децата и ги почитуваат правата на децата загарантирани со КПД и со другите меѓународни и национални норми и стандарди.

Организациите што учествуваа во подготовката на овој извештај, поделени по одредени области и споделување на податоците на ниво на општини, се:

- Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување „ХЕРА" – Скопје, во областа на имунизација на децата и информираност на младите за ХИВ/Сида;
- Здружението на албанската жена во Македонија - Кичево, член на Женската граѓанска иницијатива „Антико" – Кичево, во областа на образованието на децата со посебни образовни потреби и во областа на вклученоста на децата Роми во установите за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст;
- Коалицијата „Сите за правично судење" – Скопје (коалиција на 17 НВОи), во областа на малолетничката правда;
- „Лајфстарт" – Растеме и учиме заедно – Битола, во областа на доењето;
- Младинскиот образовен форум – Скопје, во областа на детското учество;
- Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе - Отворена порта Ла Страда Македонија - Скопје, во областа на трговијата со деца;
- „Отворете ги прозорците" – Здружение на граѓани за поддршка и промоција на пристапна информатичка технологија за лица со хендикеп – Скопје, во областа на образованието на деца со посебни образовни потреби; вклученоста на децата Роми во секундарното образование за Град Скопје;
- Првата детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија, во областа на образованието на децата со посебни образовни потреби и во областа на вклученоста на децата Роми во установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст;
- Советот за превентива против малолетничка деликвенција – Кавадарци, во областа на вклученоста на децата Роми во образованието;
- Сојузот на дефектолози на Република Македонија, во областа на образованието на деца со посебни образовни потреби;

- ХОПС - Опции за здрав живот – Скопје, во областа на правата на децата што употребуваат дрога;
- Хуманитарното здружение „Мајка“ – Куманово, во областа на правата на децата Роми, поточно нивната вклученост во образовните институции;
- Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите во Македонија „Месечина“ – Гостивар, во областа на правата на децата Роми, поточно нивната вклученост во образованието;
- Центарот за граѓанска иницијатива – Прилеп, во областа на вклученоста на децата Роми во образовните установите и во областа на остварување на правото на образование на децата сместени во воспитно-поправните институции;
- Центарот за човекови права „АМОС“ - Битола, во областа на образованието на децата со посебни образовни потреби

**Проблеми што се појавија во текот на истражувањето**

Карактеристично ограничување на кое наидовме во текот на истражувањето е тоа што дел од испитуваните, кои беа предмет на ова истражување (градинките и основните училишта и средните училишта), не одговорија на испратените прашалници. Ваквата ситуација е очекувана во сите истражувања што се спроведуваат од овој тип затоа што секогаш се предвидува одреден процент на испитаници што нема да одговорат на поканата да се вклучат во истражувањето или што нема да достават целосно пополнети прашалници, што подоцна го отежнува процесот на анализа на добиените податоци. Исто така, податоците што ги добивме од некои училишта беа неформални, подари немање соодветна евиденција.

Друг проблем што го идентификувавме при анализата на добиените одговори на прашалниците беше тоа што некои од прашалниците не беа одговорени комплетно, иако беше нагласено дека се потребни целосни одговори за да може да се земе еден прашалник предвид при анализирањето. Анализата беше направена врз основа на податоците што можеа да дадат одредена слика. Некои прашалници не беа со целосно пополнети одговори, па затоа прашањата каде што немаше податоци, исто така, не беа земени предвид во анализата.

**Начин на спроведување мониторинг на состојбата на правата на децата**

Извештаите што ги имаше подготвено оваа Коалиција претходно беа сеопфатни и се однесуваа на сите членови од КПД. При подготовката на овој извештај, се

идентификувани конкретни области од Конвенцијата за правата на детето, коишто беа предмет на следење и анализа. Па така, беа поставени неколку индикатори врз чијашто основа подоцна беа собирани податоци од страна на организациите членки. Дел од организациите членки на оваа Коалиција ги искористија податоците што ги собираа во својата секојдневна работа и ги споделија за потребите на овој извештај. Тоа се: ХОПС, ХЕРА и Отворена порта. Други организации собираа податоци за потребите на овој извештај, согласно со однапред поставени индикатори. На заедничка работилница беа прецизирани индикаторите и беа подготвени прашалници според кои беше спроведено истражувањето. Беа утврдени и општини на чијашто територија ќе се спроведе истражувањето.

**Предмет на мониторинг беа следниве индикатори:**

*Област: Детско учество*

- Степен на информираност на средношколците за постоењето и функцијата на Средношколската унија;
- Процент на средношколци што ѝ се обратиле на Средношколската унија;
- Број на училишта кои имаат претставници во Средношколската унија.

*Област: Остварување на правото на образование на децата со посебни образовни потреби*

- Број/процент на ученици со посебни образовни потреби, вклучени во образовните институции.
- Број на деца со посебни образовни потреби вклучени во предучилишно, редовно и секундарно образование според категории на тешкотии.
- Број на училишта коишто во 2013 година презеле мерки и активности за надминување одредени тешкотии на кои наидуваат учениците со посебни образовни потреби;

*Област: Остварување на правата на децата на здравје*

- Број на деца кои побарале информации за ХИВ/СИДА (од вкупниот број лица кои побарале ваква информација) од соодветните здравствени организации и граѓанските организации кои примарно го третираат ова прашање;

*Област: Правата на децата коишто употребуваат дрога*

- Број на децата коишто употребуваат дрога во вкупниот број регистрирани корисници

*Област: Вклучување на децата Роми во образование*

- Процент/број на децата Роми во образовните институции
- Број на децата Роми што се стипендирани од страна на државата

*Област: Деца жртви на продажба, трговија и киднапирање*

- Процент на идентификувани деца жртви на трговија со луѓе во вкупниот број евидентирани жртви на трговија
- Процент на идентификувани деца со висок ризик да станат жртви на трговија со луѓе во вкупниот број евидентирани потенцијални жртви на трговија
- Број на децата жртви и со висок ризик, опфатени со програмата за социјална асистенција во вкупниот број евидентирани високо ризични групи за потенцијални жртви на трговија

*Област: Малолетничка правда*

- Процент на малолетници коишто извршиле ИТ кривични дела од вкупниот број кривични дела извршени од малолетници
- Број на малолетници обвинети за организиран криминал и корупција
- Број на малолетници жртви на организиран криминал и корупција
- Семејно насилство
- Процент на млади/деца од ВПД - Тетово кои посетуваат соодветен степен на образование

*Област: Доење*

- Број на едукативни програми за мајки родилки за доењето
- Број на новоотворени центри за ран детски развој во наведените општини (капацитет на центрите, искористеност на центрите и сл.)
- Број на програми наменети за родителите за ран детски развој

## 1. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА РОМИ

Водени од коментарот на Комитетот за правата на децата, којшто во еден од своите коментари наведува дека: Комитетот за правата на децата е загрижен околу *de facto* дискриминацијата на децата што припаѓаат на малцинствата, особено Ромите...“[3] Со цел да го продолжиме разгледувањето на состојбата со правото на образование на децата Роми , во овој извештај сметавме дека е добро да ја разгледаме општата слика за вклученоста на децата Роми во образовниот процес. За таа цел, во истражувањето ги вклучивме градинките, основните и средните училишта.

**Истражување во оваа област спроведоа неколку организации во повеќе општини.**

- Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина“ - спроведе истражување во општина **Јегуновце** (1 основно училиште);
- Здружение на албанската жена во Македонија **- Кичево**, членка на Антико во општина Кичево (1 градинка, 1 основно училиште и 1 средно училиште);
- Хуманитарно здружение „Мајка“ - Куманово - во општина **Куманово** (6 основни училишта и 2 средни училишта);
- Сојуз за превентива против малолетничка деликвенција - **Кавадарци** во општина Кавадарци (1 основно училиште) и во општина **Неготино** (1 основно училиште);
- Центар за граѓанска иницијатива - во општина **Прилеп** (2 градинки, 3 основни училишта и 2 средни училишта);
- „Отворете ги прозорците“- Здружение на граѓани за поддршка и промоција на пристапна информатичка технологија за лица со хендикеп (3 средни училишта во Град Скопје)
- Прва детска амбасада во светот Меѓаши во општините: **Пехчево** (1 градинка) **Виница** (1 основно, 1 средно), **Берово** (1 градинка, 1 основно училиште, 1 средно училиште), **Битола** (2 градинки, 2 основни училишта и 2 средни училишта), **Кратово** (1 градинка, 1 основно училиште, 1 средно училиште), **Дебар** (1 градинка, 2 основни училишта, 1 средно училиште), **Аеродром** (1 градинка, 1 основно училиште), **Радовиш** (1 средно училиште), Гевгелија (1 градинка, 5 основни училишта, 1 средно училиште), **Ресен** (1 градинка, 2 основни, 1 средно), **Делчево** (1 градинка и 1 основно), **Зелениково** (1 основно), **Гази Баба** (2 градинки и 2 основно училишта), **Велес** ( 2 средни училишта).

---

[3]Комитет за правата на детето; Разгледување на извештаите поднесени од државите членки според членот 44 од Конвенцијата; Завршни забелешки; CRC/C/MKD/CO/2, 11 јуни 2010 год.

http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/CRC.C.M1KD.ConcludingObservationsMK%281%29.pdf

### 1.1 Опис на процесот

Пред да почне истражувањето, со цел соодветно да одговориме на истото, комуницираме со членките на коалицијата, коишто требаше да го спроведат истражувањето, со коишто воедно се договоривме и во кои општини ќе се спроведува истото.

По завршувањето на консултациите со организациите беа подготвени и приспособени прашалниците со кои се спроведуваше истражувањето.

Пред да почнеме со истражувањето, најпрво ги информиравме општините за целта, текот и начинот на спроведување на истражувањето. На сите општини им беа пратени информации за самиот проект, како и прашалниците. Информирањето на општините сметавме дека е од големо значење, особено бидејќи нивната соработка беше неопходна со цел навремено да се реализираат предвидените активности.

### 1.2 Начин на спроведување

Би сакале да посочиме дека бројот на децата претставени во истражувањето ја претставува моменталната слика за периодот од октомври до декември 2014 година. Бевме информирани од некои општини дека бројот на деца, особено во градинките, подлежи на промени поради отпишување на децата. Некои од училиштата и општините нè информираа само дека во нивната образовна институција нема деца што се изјасниле како Роми без да ни дадат дополнителни податоци за вкупниот број деца вклучени во нивната образовна институција.

### 1.3 Методологија

Вклученост на децата Роми во образованието

Откако добивме дозвола од општините, истражувањето беше спроведено со помош на прашалник што се состои од 14 прашања, поделени во три дела. **Првиот дел** прашања се однесува на вкупниот број деца во образовната институција распределени по пол, како и вкупниот број деца Роми распределени по пол. **Вториот дел** се однесува на семејната средина и социјалната состојба на децата Роми. **Третиот дел** се однесува на образовниот процес, кој вклучува прашања што се однесуваат на: јазикот на кој ја следат наставата овие деца, успехот што го постигнуваат, информации што се донесуваат на причините за нивно отпишување од училиште и така натаму.

Овој прашалник беше пополнет од страна на стручната служба во образовната институција или пак директорот, бидејќи сметавме дека овие лица ги имаат соодветните информации.

Ова истражување се спроведе на следниве два начина:

**Првиот начин** е со посета во образовните институции при што лицата од организациите одговорни за спроведување на истражувањето по дозволата од општината директно ги посетуваа институциите и ги впишуваа податоците што им беа дадени од страна на наведените лица.

**Вториот начин** е добивање податоци по електронски пат или по пошта од страна на општините или образовните институции.

## 1.4 Резултати

### 1.4.1 Приказ на општи податоци

Истражувањето беше спроведено во 20 општини и дополнително во град Скопје за средните училишта, вкупно во 71 образовна институција, од кои 18 градинки, 33 основни училишта и во 20 средни училишта.

**Табела 1.** Број на вклучени образовни институции во истражувањето, распределени по општини

| Општина | Градинки | Основни училишта | Средни училишта | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Аеродром | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Берово | 1 | 2 | 1 | 4 |
| Виница | 0 | 1 | 1 | 2 |
| Велес | 0 | 0 | 2 | 2 |
| Гевгелија | 1 | 5 | 1 | 7 |
| Гази Баба | 2 | 2 | 0 | 4 |
| Дебар | 1 | 2 | 1 | 4 |
| Делчево | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Зелениково | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Јегуновце | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Пехчево | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Прилеп | 2 | 3 | 2 | 7 |
| Ресен | 1 | 2 | 1 | 4 |
| Радовиш | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Неготино | 1 | 1 | 1 | 3 |
| Кавадарци | 1 | 1 | 1 | 3 |
| Куманово | 1 | 6 | 1 | 8 |
| Кичево | 1 | 1 | 1 | 3 |
| Кратово | 1 | 1 | 1 | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Битола | 2 | 2 | 2 | 6 |
| Град Скопје за средните училишта | 0 | 0 | 3 | 3 |
| **Вкупно** | **18** | **33** | **20** | **71** |

**Табела 2.**Вклученост на децата Роми во образовен процес

| | **Вкупен број деца** | | | **Вкупен број деца Роми** | | | **Процентуална застапеност на деца Роми** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **машки** | **женски** | **вкупно** | **машки** | **женски** | **вкупно** | **машки** | **женски** | **вкупно** |
| **градинки** | 2427 | 2219 | 4646 | 116 | 98 | 214 | 5% | 4% | 5% |
| **основни** | 9203 | 8449 | 17652 | 1274 | 1209 | 2483 | 14% | 14% | 14% |
| **Средни** | 6530 | 5275 | 11805 | 219 | 175 | 394 | 3% | 3% | 3% |

Од оваа табела можеме да видиме дека најголем број деца Роми се вклучени во основното образование или 14%. Во градинките вклученоста е 5%, додека во средното образование 3%. Овој приказ може ни укажува дека родителите сѐ уште немат развиена свест за важноста, пред сѐ, на предучилишното образование, потоа и на средното образование. Можеби треба да се размислува во насока на немање основни услови за егзистенција, или пак, кога станува збор за средното образование, како причина може да се гледа и раното стапување во брак. Генерално, од овие податоци може да се забележи низок степен на вклученост на децата Роми во целокупниот образовен процес.

Кога станува збор на вклученоста на децата Роми во образованието во поглед на нивниот полм може да се забележи дека поголем број машки деца се вклучени во образованието отколку женски, но не постои голема разлика по однос на оваа поделба.

**Табела 3**. Процентуална застапеност на децата Роми во образовните институции според нивниот пол

| | **Вкупен број деца Роми** | | | **Процентуална застапеност на деца Роми по пол** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **машки** | **женски** | **вкупно** | **машки** | **женски** | **вкупно** |
| **градинки** | 116 | 98 | 214 | 54% | 46% | 100% |
| **основни** | 1274 | 1209 | 2483 | 51% | 49% | 100% |
| **средни** | 219 | 175 | 394 | 56% | 44% | 100% |

Од оваа табела може да се забележи дека не се забележуваат големи разлики во однос на вклученоста на децата Роми според нивниот пол. Најголема разлика

според оваа табела се забележува во однос на вклученоста на децата во градинките каде што се гледа дека 54% се машки, додека 46% од запишаните деца во градинка Роми се девојчиња. Исто во однос на средното образование може да се забележи дека 56% се машки, додека само 44% се девојчиња. Може да претпоставиме дека овој податок се должи на раното стапување во брак карактеристично за ромските семејства, како и на влијанието на традицијата во однос на образованието на децата.

### 1.4.2 Вклученост на децата Роми во предучилишно образование

**Табела 4**

| **Предучилишни установи** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **општини** | **машки** | **женски** | **машки Роми** | **женски Роми** | **машки% Роми** | **женски% Роми** |
| Гевгелија | 330 | 313 | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци |
| Радовиш | 58 | 46 | 1 | нема податоци | 2% | нема податоци |
| Берово | 175 | 171 | 16 | 10 | 9% | 6% |
| Ресен | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци |
| Пехчево | 61 | 53 | 13 | 5 | 21% | 9% |
| Аеродром | 260 | 304 | 3 | 11 | 1% | 4% |
| Делчево | 100 | 148 | 15 | 11 | 15% | 7% |
| Гази баба | 463 | 370 | 12 | 10 | 3% | 3% |
| Прилеп | 128 | 127 | 18 | 12 | 14% | 9% |
| Кичево | 39 | 38 | 12 | 13 | 31% | 34% |
| Кратово | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци |
| Куманово | 591 | 541 | 16 | 11 | 3% | 2% |
| Дебар | 222 | 108 | 2 | 5 | 1% | 5% |
| Битола | нема податоци | нема податоци | 8 | 10 | нема податоци | нема податоци |
| **Вкупно** | **2427** | **2219** | **116** | **98** | **5%** | **4%** |

Во однос на вклученоста на децата Роми во предучилишното образование, имаме добиено податоци од 14 општини, од кои општина Ресен и општина Кратово нѐ информираа дека нема деца Роми во нивните установи и не ни дадоа податоци за вкупниот број деца што посетуваат градинка. Од општина Гевгелија нѐ информираа дека нема деца Роми, но ни доставија податок за вкупниот број деца што ја посетуваат градинка.

Од овие податоци можеме да забележиме дека најголем процент на деца Роми, коишто посетуваат градинка, има во општина Кичево, потоа во Пехчево, Делчево и Прилеп. Вклученоста зависи и од процентот на ромско население што живее во дадената општина, како и од одлуката на самите родители да го вклучат детето во градинка. Од комуникацијата со претставниците на предучилишните установи, кај нив постои мотивираност за поголемо вклучување на овие деца во градинките. Бидејќи сите ние сме свесни дека раниот детски развој е од огромно значење и можеби го детерминира и натамошниот развој на децата, раното вклучување на децата Роми претставува дополнителен мотив за нив и за родителите, како и можност за рано препознавање на нивните капацитети и развој на нивните лични потенцијали.

**Семејна средина**

На графичкиот приказ може да се видат податоци за семејната средина од која потекнуваат децата Роми кои се вклучени во предучилишните установи.

**Графички приказ 1**




Од овој графички приказ може да се забележи дека децата коишто беа предмет на ова истражување во најголем број или 139 деца живеат во семејство со двајца родители. За 67 деца нема информација за семејната состојба за децата, додека 8 деца живеат во семејство со еден родител/старател.

**Социјален статус и средина на живеење**

На табелата се прикажани податоци за социјалниот статус на смејствата од кои потекнуваат децата Роми кои се вкличени во предучилишните установи.

**Табела 4.** Социјален статус на децата Роми

| | машки | женски | вкупно |
|---|---|---|---|
| **Приматели на социјална помош** | 60 | 47 | 107 |
| **Непознато** | 56 | 51 | 94 |
| **Вкупно** | 116 | 98 | 214 |

Од наведената табела може да се забележи дека на стручните служби не им е познат социјалниот статус на семејството за поголем број од децата. Овој податок можеби треба да нѐ насочи да размислуваме за водење подетална евиденција за семејната и социјалната состојба на децата. Социјалниот аспект е многу важен за континуирано продолжување со образованите на децата.

**Средина на живеење**

На табелата се презентирани податоците добиени за средината на живеење од која потекнуваат децата Роми кои се вклучени во предучилишно образование.

**Табела 5.** Средина на живеење

| | машки | женски | вкупно |
|---|---|---|---|
| **Урбана** | 84 | 67 | 151 |
| **Рурална** | 8 | 8 | 16 |
| **Непозната** | 24 | 23 | 47 |
| **Вкупно** | 116 | 98 | 214 |

Најголем број од децата живеат во урбани средини, што укажува дека на децата од руралните средини можеби не им се достапни предучилишните установи.

**Постојано место на живеење -** Податоците ни говорат дека 93 момчиња и 70 девојчиња имаат постојано место на живеење. На стручните служби не им е познат овој податок за 51 дете. Постојаното место на живеење има значајна улога во континуираноста на посетување градинка, бидејќи како една од причините за отпишување од градинка или непосетување на истата беше наведено токму ова.

**Јазик на кој се следи наставата -** Во сите предучилишни установи, каде што беше спроведено истражувањето, наставата се следи на македонски јазик, или во билингвалните градинки и на албански јазик.

**Програма за работа со децата Роми**

Во 3 општини е наведено дека за проектот „Инклузија на децата Роми во јавни детски градинки", постои изработен „Акционен план за реализација на воспитно образовна работа" и „Програма и план за соработка со родители и општествена средина". Другите градинки се водат од програмата дадена од Министерството за труд и социјална политика „Стандарди за ран детски развој".

**Вработени воспитувачи или негуватели од ромска националност**

Од податоците што ги добивме, во 5 општини се вработени 6 негуватели од Ромска националност.

**Помош од страна на државата за семејствата**

Од добиените податоци, покрај тоа што овие семејства се корисници на социјална помош преку проектот „Инклузија на децата Роми", во две општини децата не плаќаат за посетување градинка, а обезбеден е и превоз од домот до градинката.

**Листа на чекање**

Во повеќето предучилишни установи има листа на чекање и критериумите се подеднакви за сите деца. Првенствено се гледа социо-економскиот статус на семејството, дали двајцата родители се вработени, болно лице во семејството и итн.

Во една општина, којашто е дел од проектот за „Инклузија на децата Роми" има листа на чекање за овие деца. Критериумите по кои се вклучуваат децата се следниве: дете со комплетна документација (извод од матична книга на родени, лекарска потврда за здравствената состојба на детето), дете кое потекнува од семејство со еден родител, социо-економската состојба на семејството, семејство во кое се вработени двајцата родители.

**Причини за отпишување или невклучување на децата Роми во предучилишното образование**

Како најчеста причина се јавува финансиската состојба на ромските семејства, свесноста на родителите за значењето на предучилишното образование, како и

мигрирањето на ромските семејства во европските земји. Немањето постојано место на живеење се надоврзува со нивното барање на азил во европските држави.

### 1.4.3 Вклученост на децата Роми во основното образование

Во подолната табела презентирани добиените податоци за вклученоста на децата Роми во редовното образование распределени по општините во кои се спроведуваше истражувањето.

**Табела 6.**

| Основно училиште | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **општини** | **машки** | **женски** | **машки Роми** | **женски Роми** | **машки Роми%** | **женски Роми %** |
| Гевгелија | 1004 | 953 | 1 | нема податоци | 1% | нема податоци |
| Кичево | 756 | 651 | 183 | 182 | 24% | 28% |
| Берово | 414 | 423 | 30 | 32 | 7% | 8% |
| Прилеп | 1139 | 1041 | 416 | 363 | 37% | 35% |
| Зелениково | 240 | 242 | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци |
| Куманово | 2085 | 1789 | 123 | 117 | 6% | 7% |
| Гази Баба | 894 | 871 | 73 | 98 | 8% | 11% |
| Аеродром | 279 | 321 | 5 | 4 | 2% | 1% |
| Виница | 354 | 309 | 34 | 30 | 10% | 10% |
| Кратово | 353 | 298 | 11 | 8 | 3% | 3% |
| Јегуновце | 118 | 116 | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци |
| Ресен | 260 | 209 | 25 | 22 | 10% | 11% |
| Дебар | нема податоци | нема податоци | 68 | 74 | нема податоци | нема податоци |
| Неготино | 425 | 403 | 81 | 71 | 19% | 18% |
| Кавадарци | 123 | 99 | 28 | 31 | 23% | 31% |
| Делчево | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци |
| Битола | 759 | 724 | 196 | 177 | 26% | 24% |
| **Вкупно** | **9203** | **8449** | **1274** | **1209** | **14%** | **14%** |

Во однос на вклученоста на децата Роми во основно образование, податоци имаме добиено од 17 општини. Од табелата можеме да забележиме дека во 3 општини нема деца Роми кои посетуваат основно училиште. Најголем процент на

вклучени во основното образование, кое е задолжително, има во следниве општини: Прилеп, Кичево, Кавадарци, Неготино и Виница. Сепак, од општите податоци, можевме во табелата 2 да забележиме дека 14% од децата Роми се вклучени во основното образование. Нивната застапеност е најголема во примарното образование, сепак, бројот на децата и понатаму треба да се зголемува и да се мотивираат истите континуирано да го посетуваат и да постигнуваат успех во согласност со нивните можности и потенцијали.

**Семејна средина**

На графичкиот приказ може да се видат податоци за семејната средина од која потекнуваат децата Роми кои се вклучени во редовно образование.

**Графички приказ 2**




Може да се забележи дека најголемиот број од децата во основните училишта, во кои се спроведе истражувањето, потекнуваат од семејство со двајца родители или 1370 деца, за 1023 не е позната семејната средина од која доаѓаат, додека 90 деца потекнуваат од еднородителско семејство. Повторно ни се наметнува потребата за подетално евидентирање на семејната средина од којашто потекнуваат децата. Водени од идејата дека семејството е примарно за растот и развојот на децата, важен податок е семејната динамика и состојба со цел стручните служби да можат да ги поттикнуваат и да ги насочуваат децата и да им помогнат на овие деца во текот на образовниот процес.

**Социјален статус и средина на живеење**

На табелата може да се видат податоци за социјалниот статус на смејствата од кои потекнуваат децата Роми кои се вклучени во редовно основно образование.

**Табела 7.** Социјален статус на децата Роми во основно образование

| | **машки** | **женски** | **вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Приматели на социјална помош** | 224 | 203 | 427 |
| **Непознато** | 1050 | 1006 | 2056 |
| **Вкупно** | 1274 | 1209 | 2483 |

За 2056 деца не е позната социо-економска состојба во семејството, додека семејствата на 427 деца се приматели на социјална помош.

**Средина на живеење**

На табелата може да се презентирани податоците добиени за средината на живеење од која потекнуваат децата Роми кои се вклучени во редовно образование.

**Табела 8.**

| | **машки** | **женски** | **вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Урбана** | 691 | 659 | 1350 |
| **Рурална** | 88 | 72 | 160 |
| **Непозната** | 495 | 478 | 973 |
| **Вкупно** | 1274 | 1209 | 2483 |

Најголем број од децата живеат во урбана средина или вкупно 1350, во рурална средина живеат 160 деца, додека за најголем број - 973 не ни е позната средината во којашто живеат децата.

**Постојано место на живеење -** Според податоците, 583 момче и 536 девојчиња имаат постојано место на живеење или вкупно 1119 деца. За 1364 деца немаме податок во однос на постојано на местото на живеење.

**Јазик на кој се следи наставата** - Во повеќето  училишта наставата се следи на македонски јазик. Во една општина наставата се следи на македонски, кој е изборен од трето до шесто одделение.

**Вработени наставници од ромска националност**

Во едно училиште е вработена наставничка по ромски јазик.

**Посебна програма за децатаа Роми**

Во сите училишта кои доставија податоци, нема посебна програма за работа со деца Роми.

**Програми за работа со родители**

Во повеќето училишта има програма за работа со родители во форма на советување, особено намената за децата што имаат проблем во образовниот процес.

**Доделени стипендии на деца Роми**

Од податоците што ги добивме, нема деца Роми кои имаат добиено стипендија.

**Помош од страна на државата**

Покрај социјалната помош што ја добиваат од страна на државата, овие семејства во некои од општините добиваат бесплатни учебници (работни тетратки) бидејќи учебниците се бесплатни за сите деца, како и училишниот материјал.

**Причини поради кои децата Роми не ги запишуваат на училиште или пак веќе запишаните ги отпишуваат**

Најчести причини, според мислењето на претставниците од училиштата се: немањето соодветна лична документација, социо-економската состојба на семејството, неодговорноста на родителите, нивната неинформираност, ниското ниво на свесност за значењето на образованието, честите преселби во европските земји, или пак преселби за сезонска работа.

### 1.4.4 Вклученост на децата Роми во средно образование

На табелата број 10 се презентирани добиените податоци за вклученоста на децата Роми во средното образование распределени по општините во кои се спроведуваше истражувањето.

**Табела 10.**

| Средно училиште | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **општини** | **машки** | **женски** | **машки Роми** | **женски Роми** | **машки Роми%** | **женски Роми%** |
| Кратово | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци | нема податоци |
| Кичево | 554 | 513 | 42 | 26 | 8% | 5% |
| Прилеп | 456 | 869 | 49 | 38 | 11% | 4% |
| Куманово | 248 | 370 | 3 | 7 | 1% | 2% |
| Радовиш | 401 | 393 | 6 | 9 | 2% | 2% |
| Виница | 283 | 310 | 14 | 6 | 5% | 2% |
| Ресен | 225 | 209 | 4 | 3 | 2% | 1% |
| Дебар | 359 | 312 | 23 | 23 | 6% | 7% |
| Велес | 447 | 140 | 2 | 5 | 0,45% | 4% |
| Битола | 1111 | 521 | 33 | 16 | 3% | 3% |
| Град Скопје | 2219 | 1369 | 20 | 16 | 1% | 1% |
| Берово | 227 | 269 | 23 | 26 | 10% | 10% |
| **Вкупно** | **6530** | **5275** | **219** | **175** | **3%** | **3%** |

Податоци за вклученоста на децата Роми во средното образование добивме од 11 општини, дополнително и од Град Скопје, бидејќи по законот за Локална самоуправа средните училишта на територијата на град Скопје се под надлежност на градот. Во 1 општина може да се забележи дека нема вклучено деца Роми во образовниот процес. Од добиените податоци, најмал број деца се вклучени во средното образование, иако е задолжително, како и редовното образование. Од прикажаната табела може да се збележи дека најголем процент на деца кои посетуваат среднообразование се во општините: Прилеп, Берово, Кичево и Дебар. Само 3% од децата Роми се запишани во средно училиште. Би сакале да спомeнеме дека овие податоци не ја даваат целосна слика за вклученост на децата Роми во средното образование.

**Семејна средина**

На графичкиот приказ се презентирани добиените податоци семејната средина од која потекнуваат децата Роми вклучени во средното образование.

**Графички приказ бр. 3**




Од податоците, најголем број деца Роми, коишто се вклучени во средното образование, или 207, потекнуваат од семејство со двајца родители, потоа 158 деца потекнуваат од семејство со еден родител и за 29 деца не е позната семејната состојба.

**Социјален статус и средина на живеење**

На табелата број 11 може да се презентирани податоците добиени за социјалниот статус на семејствата од кои потекнуваат децата вклучени во средното образование.

**Табела 11**

| | **машки** | **женски** | **вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Приматели на социјална помош** | 54 | 36 | 90 |
| **Непознато** | 165 | 139 | 304 |
| **Вкупно** | **219** | **175** | **394** |

Од децата Роми што се вклучени во средното образование, за 90 деца имаме податок дека се приматели на социјална помош. За 304 деца немаме добиено информации во однос на социјалниот статус.

**Средина на живеење**

На табелата број 12 може да се презентирани податоците добиени за средината на живеење од која потекнуваат децата Роми кои се вклучени во средното образование.

**Табела 12**

| | **машки** | **женски** | **вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Урбана** | 140 | 98 | 238 |
| **Рурална** | 0 | 0 | 0 |
| **Непозната** | 79 | 77 | 156 |
| **Вкупно** | 219 | 175 | 394 |

Од табелата можеме да забележиме дека поголемиот број деца живеат во урбана средина или 238, додека за 156 деца немаме информација за средината од којашто потекнуваат. Овој податок може да нè поттикне да размислуваме во насока на важноста на средината на живеење во однос на вклучувањето во образованието на овие деца.

**Постојано место на живеење** - 140 момчиња и 98 девојчиња, според добиените податоци, имаат постојано место на живеење. За 156 деца немаме податок во однос на ова прашање.

**Јазикот на кој се изведува наставата** - Во повеќето училишта наставата се следи на македонски јазик, во билингвалните и на албански, само во едно училиште имаме информација дека децата Роми ја следат наставата на турски јазик.

**Програма за работа со деца Роми**

Во училиштата каде што се спроведуваше истражувањето, нема посебна програма за работа со деца Роми. Во едно училиште е наведено дека постои програма за менторска работа со ученици Роми - изработена е програма за Проектот за „Стипендирање, менторство и туторство на средношколци Роми “ за учебната 2013/14 година.

**Програма за работа со родители**

Во некои од училиштата има програма за работа со родители во форма на советување, која е наменета за сите ученици.

**Вработени наставници Роми**

Во училиштата каде што се спроведуваше истражувањето нема вработени наставници од ромска наионалност.

**Стипендирани ученици Роми**

Од 8 училишта имаме информација деца се стипендирани вкупно 56 деца од ромска националност. Во едно училиште е наведено дека има стипендирано деца Роми, но немаше податок за бројот во текот на спроведувањето на истражувањето. Критериумите за добивање стипендија се следниве: успех во училиште, редовна посета на наставата, и социо-економската состојба на семејствата.

**Причини за невклученост во средното училиште или за отпишување од истото**

Како најчести причини се јавуваат социо-економската состојба, раното стапување во брак, миграцијата во други земји. Но од податоците што ги имаме, може да се заклучи дека учениците што се вклучени во средното образование ретко го напуштаат истото.

## 2. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Следејќи ги заклучните согледувања на Комитетот за правата на детето се „искажува загриженост околу продолжената неадекватност на образовните, социјалните и здравствените услуги за децата со пречки во развојот и нивните семејства во средината во којашто живеат. Комитетот особено забележува дека сè уште постојат многу пречки за обезбедување подеднаков пристап до образование за децата со пречки во развојот“[4].

[4]Комитет за правата на детето; Разгледување на извештаите поднесени од државите членки според член 44 од Конвенцијата; Завршни забелешки; CRC/C/MKD/CO/2, 11 јуни 2010 год.

http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/CRC.C.M1KD.ConcludingObservationsMK%281%29.pdf

Во овој извештај сметавме дека е добро да го разгледаме остварувањето на правото на образование на децата со посебни образовни потреби (ПОП) во градинките, основното училиште и во средното училиште. Сметавме дека на овој начин ќе имаме можност да погледнеме во целокупниот образовен процес, како и ќе се согледаат препреките со кои се соочуваат овие деца, како и подобрувањето на условите во образовните институции во кои имаат можност да бидат вклучени овие деца.

**Истражување во оваа област спроведоа неколку организации во повеќе општини:**

- *„Отворете ги прозорците"- Здружение на граѓани за поддршка и промоција на пристапна информатичка технологија за лица со хендикеп* спроведе истражување во општина **Карпош** (2 градинки и 2 основни училишта), во општина **Ѓорче Петров** (1 градинка и 2 основни училишта) и во 7 средни училишта на територија на Град Скопје.
- *Центар за човекови права „АМОС" Битола* - во општина **Битола** (2 градинки, 2 основни училишта и 2 средни училишта)
- *Сојуз на дефектолози на Република Македонија* спроведе истражување во општина **Центар** (2 градинки, 2 основни училишта), во општина **Старо Нагоричане** (2 основни училишта) и во 2 средни училишта на територијата на **Град Скопје**.
- *Прва детска амбасада во светот Меѓаши* во општина **Аеродром (**1 градинка и 1 основно училиште), **Гази Баба** (2 градинки и 2 основни училишта), **Илинден** (1 училиште), **Јегуновце** (1 училиште), **Велес** (1 градинка, 2 основно училиште и 1 средно училиште), **Виница** (2 основни училишта), **Дебар** (1 градинка, 1 основно училиште, 1 средно училиште), **Делчево** (1 градинка, 1 основно училиште), **Ресен** (1 градинка, 2 основни училишта и 1 средно училиште), **Радовиш** (1 градинка и 1 средно училиште), **Куманово** (2 средни училишта), **Кратово** (1 градинка, 1 основно училиште, 1 средно училиште)

### 2.1 Опис на процесот

Пред да почне истражувањето, организациите беа информирани за текот на истражувањето. Прашалниците беа подготвени од страна на организацијата „Отворете ги прозорците". Со оваа организација имавме неколку состаноци со цел да ги дефинираме прашалниците, општините, како и текот и начинот на спроведувањето на истражувањето. Редоследно по завршувањето на изработката и приспособувањето на прашалнимте, тие беа доставени до останатите организации, кои беа информирани за сите планирани активности.

Соодветно беа информирани и општините каде што се спроведе истражувањето, со цел да бидат во тек за процесот, начинот на добивање податоци, како и целта на самото истражување.

### 2.2 Методологија

За истражување на инклузивниот процес на образованието на децата со посебни образовни потреби, беше користен прашалник составен од прашања од отворен и од затворен тип. Прашалникот беше составен од 12 прашања преку кои се следеа трите наведени индикатори. Истиот беше наменет за стручните служби во училиштата кои водат евиденција и се директно вклучени во работата со учениците со посебни образовни потреби. Она што би сакале да го истакнеме е дека овие податоци не даваат комплетна слика за состојбата на ниво на цела општина затоа што во истражувањето, иако беа вклучени поголем број училишта (односно им беа доставени прашалници), само одреден број од нив на ниво на една општина одговорија на истражувањето. Оние прашалници, кои не беа целосно пополнети во деловите што беа од круцијално значење за истражувањето, не беа земени предвид во анализата. Некои прашалници не беа со целосно пополнети одговори, па затоа одговорите каде што немаше податоци, исто така, не беа земени предвид во анализата.

### 2.3 Резултати

Истражувањето беше спроведно во 17 општини во вкупно 57 образовни институции, од кои 16 предучилишни установи, 16 основни училишта и 18 средни училишта.

**Табела 1.** Број на образовни институции каде што е спроведено истражувањето, прикажано по општини.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **градинки** | **основни училишта** | **средни училишта** | **вкупно** |
| Аеродром | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Битола | 2 | 2 | 2 | 6 |
| Виница | 0 | 2 | 0 | 2 |
| Велес | 1 | 2 | 1 | 4 |
| Гази Баба | 2 | 2 | 0 | 4 |
| Дебар | 1 | 1 | 1 | 3 |
| Делчево | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Ѓорче Петров | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Илинден | 0 | 1 | 0 | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Јегуновце | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Ресен | 1 | 2 | 1 | 4 |
| Радовиш | 1 | 0 | 1 | 2 |
| Старо Нагоричане | 0 | 2 | 0 | 2 |
| Карпош | 2 | 2 | 0 | 4 |
| Куманово | 0 | 0 | 2 | 2 |
| Кратово | 1 | 1 | 1 | 3 |
| Центар | 2 | 2 | 0 | 4 |
| Град Скопје за средните училишта | 0 | 0 | 9 | 9 |
| **Вкупно** | **16** | **23** | **18** | **57** |

### 2.3.1 Вкупен број деца со посебни образовни потреби, вклучени во образовни институции.

**Табела 2 -** Процентуална застапеност на деца со посебни образпвни потреби (ПОП)

| Образовни институции | Вкупен број деца | Вкупен број деца со ПОП | Процентуална застапеност на деца со ПОП |
|---|---|---|---|
| Градинки | 9008 | 90 | 1% |
| Основни училишта | 12316 | 306 | 2% |
| Средни училишта | 14723 | 89 | 1% |
| Вкупно | 36047 | 485 | 1% |

Од оваа табела можеме да забележиме дека процентот на застапеност на децата со ПОП во образовните институции е низок. Ова се резултати што укажуваат на моменталната застапеност за периодот од октомври до декември 2014 година и не претставува детална слика за вклученоста на децата со посебни образовни потреби во образованието. Од една општина бевме известени дека во учебната 2014/2015 година не се запишани деца со посебни образовни потреби бидејќи родителите одлучиле истите да ги запишат во новоотворениот Дневен центар за деца со ПОП. Од оваа табела може да се забележи дека најголем процент од децата со посебни образовни потреби се вклучени во редовното основно училиште, потоа во градинките, па во средното образование. Овој податок претставува поттик да размислуваме во насока на откривање на причините за малиот број вклучени деца во секундарното образование, како и изработка на стимулативни и приспособени програми што ќе одговорат на потребите на овие деца и ќе обезбедат поголема опфатност.

**Табела 3**. Процентуална застапеност деца со ПОП по пол и образовна институција

| | Вкупен број деца со посебни образовни потреби | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | непознато | вкупно | Машки% | Женски% | Непознато% |
| Градинки | 52 | 38 | 0 | 90 | 58 | 42 | 0 |
| Основни училишта | 161 | 78 | 67 | 306 | 53 | 25 | 22 |
| Средни училишта | 60 | 27 | 2 | 89 | 67 | 30 | 3 |
| Вкупно | **273** | **143** | **69** | **485** | **56** | **29** | **15** |

Во однос на полот може да се забележи дека 56% од децата со ПОП вклучени вообразовните институции се машки, 29% се женски, додека за 15% од децата образовните институции не ни доставија податоци во однос на полот на децата.

### 2.3.2 Деца вклучени во образовни институции, распределени по категорија на проблеми

**Табела 4.**

| Вкупен број деца со посебни образовни потреби според категории | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | телесна попреченост | интелект. попреченост | оштетен вид | оштетен слух | аутизам | тешк. во учење | комб. попреченост | непознато | вкупно |
| Градинки | 6 | 15 | 8 | 2 | 19 | 10 | 30 | | **90** |
| Основни | 15 | 83 | 4 | 7 | 14 | 79 | 31 | 73 | **306** |
| Средни | 7 | 15 | 3 | | 2 | 36 | 26 | | **89** |
| Вкупно | **28** | **113** | **15** | **9** | **35** | **125** | **87** | **73** | **485** |

Од овие податоци можеме да забележиме дака најголем број деца во градинките во однос на категоријата на попреченост се со комбинирана попреченост, потоа со аутизам и со аутистичен спектар на однесување и со интелектуална попреченост. Од разговорите со стручните служби сметаме дека постои расположение за вклучување на децата во ПОП во предучилишните установи. Кога станува збор за редовното образование, најголем број од децата се со интелектуална попреченост, потоа со тешкоити со учењето и со комбинирана попреченост. Можеби би било добро да се направат приспособени програми коишто ќе го поттикнат и ќе го стимулираат детето што покажува одредени тешкотии, особено за децата со тешкотии во учењето. Воедно во примарнато образование се забележува најголема вклученост на децата со ПОП. Во секундарното образование, во кое според овие податоци има најмал број деца, најголемиот дел од нив се соочуваат со тешкотии во учењето и со комбинирана попреченост.

Генерално, од табелата може да се забележи дека најмал број деца со оштетување на видот се вклучени во редовниот образовен процес, а потоа  со оштетување на слухот и со телесна попреченост.

Од оваа табела може да се забележи и дека најголем број од децата или 125 деца имаат тешкотии во учењето и 113 деца се со интелектуална попреченост.

Овие податоци нè поттикнуваат да размислуваме дека можеби е потребно изработка на посебни приспособени програми, особено за децата со тешкотии во учењето, коишто ќе ги стимулираат и ќе им помогнат во совладувањето на предвидените материјали. Овој вид стимулација мора да почне од предучилишното образование кое е примарно, и дава добра основа за натамошен развој на личните потенцијали на децата. Воедно ќе ги стимулира и сензибилизира и децата кои се без тешкотии за прифаќање на децата со ПОП и ќе помогне во развивање личности кои имаат позитивен однос кон различните од нив.

### 2.3.3 Видот на наставата што ја посетуваат децата со ПОП во примарното образование

На графичкиот приказ се прикажани податоци за видот на наставата која ја посетуваат децата со ПОП во примарното образование.

**Графички приказ 1**.




Од овој приказ може да се забележи дека за најголем дел од децата сме добиле информација дека посетуваат одделенска настава или 135 деца, според видот на настава што ја посетуваат во редовното основно имаме информација за 89 деца дека посетуваат предметна настава и за 82 деца немаме информација за видот на настава што ја посетуваат.

### 2.3.4 Тешкотии со кои се соочуваат образовните институции во секојдневната работа со ученици со ПОП

Од добиените одговори однос на ова прашање, кои се добиени со помош на повеќечлен избор. Најчести тешкотии со кои се соочуваат образовните институции во секојдневната работа со деца со ПОП се следниве:

**Предучилишни установи:**

На ова прашање добивме одговор од 9 предучилишни установи. Подолу ги споделуваме најчестите тешкотии со коишто се соочуваат воспитувачите во работата со децат со ПОП.

- Реализација на целите и приспособувањето на програмата кон потребите на детето;
- Вклучување на децата со ПОП во активностите со останатите деца;
- Воспоставување интеграција и комуникација на децата со ПОП.

**Редовно образование:**

Одговор добивме од 20 училишта и најчестите тешкотии со кои се соочуваат при работата со деца со ПОП се следниве:

- Реализација на наставните цели и приспособување на наставното градиво кон потребите на ученикот;
- Изработка на индивидуален образовен план;
- Следење и вреднување (оценување) на постигнувањата на учениците;
- Вклучување на учениците со ПОП во активностите со останатите ученици.

**Средно образование:**

Одговор имаме добиено од 9 средни училишта каде што се спроведуваше истражувањето и најчести тешкотии се следниве:

- Реализација на наставните цели и приспособување на наставното градиво кон потребите на ученикот;
- Следење и вреднување (оценување) на постигнувањата на учениците;
- Изработка на индивидуален образовен план;
- Вклучување на учениците со ПОП во активности со останатите ученици.

### 2.3.5 Какви мерки презеле образовните институции за да се олесни пристапот и вклучувањето на децата со ПОП во образовниот систем

**Предучилишни установи:**

Одговор добивме од 8 предучилишни установи од кои: во 3 од нив стручниот тим изработува индивидуална програма за децата со ПОП, функционира тим за инклузија којшто го следи и го поддржува процесот на инклузивно образование и градинката има изградено односи на соработка со релевантни институции и добива поддршка во работата со децата со ПОП, во 5 градинки има пристапна рампа на влезот од објектот, од 1 градинка добивме информација дека сите објекти од таа градинка се ниски и пристапни и од таа причина нема потреба од рампа. Додека само во 2 внатрешниот простор - занималните, тоалетите и дидактичките средства се адаптирани согласно со потребите на децата со ПОП.

**Редовно образование:**

Одговор сме добиле од 19 училишта од кои: во 14 училиштето има пристапна рампа на влезот, во 13 наставниците изработуваат индивидуален план за образовните потреби на учениците со ПОП, во 12 училишта функционира тим за инклузија којшто го следи и го поддржува процесот на инклузивно образование, во 8 училиштето има изградено односи на соработка со релевантни институции и добива поддршка во работата со децата со ПОП, во 5 училишта внатрешниот простор - училниците, тоалетите и дидактичките средства се адаптирани согласно со потребите на децата со ПОП, во 3 училишта користат асертивна технологија и само во 2 училишта има лифт.

**Средно образование:**

Одговор добивме до 10 средни училишта, од кои: во 4 училишта има пристапна рампа на влезот, во 3 наставниците изработуваат план за децата со ПОП, во 1 стручната служна им помага во изработката на индивидуален план на наставниците, во 4 училишта функционира тим за инклузија, којшто го поддржува процесот на инклузија, во 1 во тек е формрање тим за инклузија и во 1 училиште има лифт.

### 2.3.6 Каков тип на директна поддршка сте добиле за да ја унапредите работата со децата со ПОП?

**Предучилишни установи:**

Во однос на поставеното прашање, добивме одговор од 8 градинки, од кои во 4 градинки има вработено логопед, во 2 има вработено дефектолог, додека во една има дефектолог волонтер, во една градинка на децата со ПОП им помагаат лични асистенти ангажирани од страна на родителите.

**Редовно образование:**

Одговор добивме од 16 училишта, каде што: во 6 училишта работи општински дефектолог, во 4 училишта на децата со ПОП им помагаат лични асистенти ангажирани од страна на родителите, во 3 училишта има вработено дефектолог, во 2 училишта помага мобилен логопед и во 1 училиште помош и поддршка има од училишниот педагог.

**Средно образование:**

Одговор добивме од 8 училишта, каде што: во 3 се изјасниле дека немаат никаква поддршка, додека во 1 од нив дополнително нè информирале дека имаат голема потреба од дефектолог, во 1 училиштеучениците со ПОП добиваат поддршка од лични асистенти ангажирани од страна на родителите, во 1 училиште овие деца добиваат поддршка од училиштен психолог, во 1 училиште е вработен дефектолог, во 1 училиште добиваат помош и поддршка од основно училиште наменето за деца со ПОП и во 1 училиште се изјасниле дека добиваат помош и поддршка од страна на родителите.

## 2.4 Препораки

Добиените податоци од ова истражување ја посочуваат потребата од спроведување на следниве мерки и препораки:

- Да се воспостави систем за евидентирање и следење на бројот на учениците со ПОП во редовните училишта за да се обезбеди унифицираност на процедурите во сите училишта;
- При изградбата на нови и при реконструкцијата на старите училишта да се применат стандардите за пристапност за да се овозможат услови за пристап и самостојно функционирање на учениците со ПОП во училишниот простор.
- Да се комплетираат стручните училишни тимови со профили, во прв ред дефектолози, кои се подготвени да ги препознаат и да им излезат во пресрет на потребите, способностите и интересите на учениците со ПОП.

Исто така, ваквото комплетирање е потребно за да се обезбеди поддршка на наставникот при спроведување на процесот на инклузија.

- Да се зајакнат и да се надградат знаењата, вештините и способностите на наставниците за работа со ученици со ПОП, преку организирање обуки и семинари. Особено треба да се зајакнат капацитетите на наставниците за изработка на индивидуален образовен план и негово следење, односно ревидирање (оценување).
- Да се интензивира соработката меѓу училиштата и локалната самоуправа.

# 3. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДЕЦАТА НА УЧЕСТВО

## 3.1 Методологија

За добивање податоци за состојбата на средношколското организирање и учеството на средношколците во процесите на одлучување во училиштата спроведовме истражување кое ќе ни ја претстави моменталната состојба на ова поле. Истражувањето е спроведено преку он-лајн прашалник доставен до средношколците во градовите Велес и Неготино, како и со непосредна комуникација со училиштата на тема средношколски заедници, за да можеме да ги добиеме информациите што ни беа потребни.

Првиот дел на истражувањето имаше за цел да утврди дали училиштата со свои официјални претставници учествуваат во средношколското организирање на национално ниво, како и на локално ниво во своите училишта. Па така, преку непосредна комуникација, како алатка преку која добивме сигурни информации, со органите/претставниците на училиштата добивме одговори за официјалното учество/неучество на училиштата во националното средношколско организирање.

Вториот дел од истражувањето имаше за цел да испита какво е искуството и мислењето на средношколците за средношколското организирање. За таа цел беше спроведен он-лајн прашалник во двата града. На овој прашалник одговорија вкупно 167 средношколци од двата града, кои дадоа одговори за состојбата со националното средношколско организирање и состојбата со локалното средношколско организирање од нивниот град.

За да можеме да дадеме препораки, потребно беше претходно да се спроведе истражување за состојбата со средношколското организирање. МОФ спроведе ваква анализа на национално ниво под името „Средношколско организирање и учество“ во 2013 година. Меѓутоа, состојбата со органите на управување во училиштето не е

променета оттогаш па досега, што значи постојат истите органи кои управуваат со училиштето, како и истите стручни органи.

### 3.2 Органи на управување во училиштето

**<u>Училиштен одбор</u>.** Ова е орган на управување, чијшто состав брои 12 члена и тоа:

- 3 претставниви на основачот
- 3 претставници на родителите, односно старателите
- 4 претставници од наставници
- 1 претставник од Министерството за образование
- 1 претставник од деловната заедница (без право на глас)

Училишниот одбор е највисок орган во училиштето. Негови надлежности се: донесување статут, предлог Годишна програма и извештај за работата, предлог годишен финансиски план, предлог завршна сметка, процес на јавни набавки, одлучува по приговори и жалби на наставници, ученици, родители и сл.

Исто како и во минатиот извештај, и во овој констатираме дека нема претставници на средношколците во овој орган на управување. Најсоодветно е да се вклучат претставниците на учениците од секоја генерација, така што донесувањето на одлуките од овој степен не би се вршело без вклучување на средношколците. Присуството на средношколците во овој орган е особено важно, ако се земе предвид кои се надлежностите на училишниот одбор и каков тип документи донесува, за кои е неопходен ставот и мислењето на средношколците.

### 3.3 Стручни органи во училиштата

**<u>Наставнички совет</u>**. Составен од сите наставници и стручни соработници на училиштето. Наставничкиот совет е одговорен за: разгледување и утврдување на успехот на учениците, давање мислење по предлог Годишната програма и следење на нејзиното извршување, изрекување педагошки мерки на учениците, пофалување и наградување ученици, одобрување на ученичките ексурзии и стручни посети и слично. Исто како и во училишниот одбор, и во наставничкиот совет е неопходно вклучување на средношколците. Според надлежностите на ова тело можеме да видиме дека за своите надлежности особено е важна перспективата и мислењето на средношколците.

Понатаму како останати стручни органи во училиштето ги имаме и:

- **<u>Совет на годината</u>**. Ова е совет на струката, којшто го сочинуваат наставниците што изведуваат настава и стручните соработници.

- **Совет на паралелката**. Овој совет е составен од наставниците што изведуваат настава во паралелката и стручните соработници.

- **Раководител на паралелката**

- **Стручни активи** на наставници по одредени стручни области

### 3.4 Совет на родителите

Советот на родителите си има своја улога во управувањето на училиштето. На овој начин ставовите на средношколците се претставени индиректно преку нивните родители. Сепак, ставот на кој било средношколец не може да го замени неговиот родител, бидејќи не е директен корисник и лице над кое се спроведуваат донесените одлуки. Меѓутоа, заради нивната надлежност потребно е и присуство на претседателите на генерацијата на нивните седници, иако без право на глас. Ова е потребно за да бидат искажани правата на средношколците во сите тела и истите да може да се земат предвид.

### 3.5 Средношколско организирање во училиштето

Потребата од средношколско организирање во училиштата се јавува заради застапување на сопственоите права во образовниот процес на средношколците. Ученикот треба да има јасна слика за својата положба, улога и дејствување во училиштето и во општеството, да ги знае своите права, должности и одговорности, да се приспособува кон истите и да се активира во насока на нивно подобрување. Согласно со одговорите добиени од средните училишта во минатото истражување, организирањето на средношколците не е унифицирано, ниту пак блиску до една слична структура. Се среќаваат најразлични форми на организирање и тоа зависно дали училиштето е гимназија, или пак, е дел од средните стручни училишта, што е логично. Ваквите средношколски организирања се сретнуваат под различни називи и тоа: младински активизам, училишна заедница, младинска организација, училиштен парламент се само дел од називите на формите на училишното организирање на средношколците.

Сепак, за разлика од националното средношколско организирање, средношколците од средните училишта во Велес и во Неготино го препознаваат средношколското организирање во своето училиште. Како релативно нови организирања во секое училиште, сепак, треба да се работи на зголемување на довербата на средношколците во своите претставници и средношколски организации, за да бидат тие првите степени на кои ќе се обраќа секој средношколец за решавање на своите проблеми.

Од минатогодишното истражување, всушност, констатиравме неколку нивоа на организирање кое се препознава во праксата:

- **<u>Прво ниво</u>**. Кај овие училишта организацијата на средношколците е сведена на највисоко ниво досега. Па така, тоа се посебни организации, со свои статути на работа кои имаат свои тела внатре за работа, консултација, управување и слично. Кај овие организации може да се сретнат посебни цели, начин на работа и функционирање и залагања токму за правата на средношколците и подобрување на воспитно-образовниот процес. Тука имаме развиено посебна структура, како и посебни процедури за избор на органите внатре. Дополнително, истите училиштето ги препознава како трета страна, со којашто се консултираат само за некои прашања.

Токму на ова прво ниво се наоѓаат средношколците од средните училишта во Велес и во Неготино, што значи дека средношколското организирање во средните училишта во овие два града се наоѓа на највисокото препознато ниво во Република Македонија.

- **<u>Второ ниво.</u>** На некое ниво подолу се наоѓаат организирања на средношколци, кои не се препознаваат како посебни и формални организации, немаат свои статути, меѓутоа, располагаат со посебни програми на функционирање и залагање, коишто се дел од годишната програма на училиштето што ја изготвува секоја година. Согласно со истата, овие организирања функционираат слично на претходно наведените, но не се формално организации и се со поедноставна структура, без посебни тела. Иако имаат ваков неформален статус, овој тип на организирања може да се пофалат дека се, сепак, признати од управата и од раководствата на училиштата, бидејќи нивната годишна програма е дел од севкупната годишна програма на сите тела и органи во училиштето.

- **<u>Трето ниво</u>**. Оваа форма на организирање се секции во средните училишта во зависност од интересите на средношколците за одредена област. Во оваа форма учениците најчесто се организирани од страна на професорите. Иако овие секции најчесто не се иницијатива на самите средношколци, сепак, позитивна е нивната заинтересираност и желба да се здружуваат на некаков неформален начин.

- **<u>Четврто ниво.</u>** Форми на организирање кои немаат свои програми и начин на функционирање, меѓутоа за најкрупните прашања кои се од интерес на средношколците се консултираат, па сè до организирање за одредено прашање, пр. матура, екскурзија, кога се собираат претставници од сите класови за да го претстават мислењето на средношколците. Здружувањето од ваков тип на средношколците за решавање и одлучување по некое прашање не смее никако да се занемари. Иако не се работи за организирање на средношколците во текот на целата година и е од најниско ниво, сепак, може да претставува солидна основа и пример за нивно организирање во иднина. Дополнително ова е можност и за раководствата на училиштата да го применат овој начин на консултација со средношколците и за сите останати прашања.

Целта на сите видови на средношколско органзирање, што се претходно наведени, најчесто е заложување за развивање на правата на средношколците, унапредување на слободата и сигурноста во образовниот процес, поттикнување на сите форми на креативност и изразување на учениците и сл.

### 3.6 Средношколско организирање на национално ниво

Од средношколците што го добија прашалникот за да го одговорат, поголемиот број не препознаваат постоење на некое национално средношколско организирање, што би ги застапувало нивните интереси. Сепак, има и ученици коишто сметаат дека има некое национално средношколско организирање. Иако знаат за некое средношколско организирање, сепак, средношколците од овие два града, не ја препознаваат Унијата на средношколци како организација на средношколците на ниво на Република Македонија, односно не ја препознаваат нивната работа како национална претставничка организација на средношколците. Во минатото имаше два типа на организирање на средношколците на ниво на држава - Унија на средношколци и Средношколска Унија. Денеска ја препознаваме само Унијата на средношколци и тоа само затоа што е регистрирана како таква. Дополнително, како организација постои и МАССУМ (Младинска асоцијација на средните стручни училишта во Македонија). Меѓутоа, оваа асоцијација работи само со средните стручни училишта и не е препозната како претставник на одредена група на средношколци, туку како здружение кое работи на унапредување на положбата на средношколците од средните стручни училишта. Сепак, како официјален претставник може да се препознае само средношколското организирање што ги претставува сите средношколци, а за вакво организирање многу мал процент од средношколците знаат дека постои. Ваквата перцепција на средношколците се потврди и од самите училишта, дека тие не испратиле никакви официјални претставници на средношколците во Унијата на средношколци на Македонија. Ставовите на средношколците од истражувањето, само ги потврдија наодите од минатото истражување. Овие одговори само дополнително ни ја потврдија целосната слика, дека средношколците не се на никаков начин вклучени во процесот на донесување одлуки, при што нивното мислење е само советодавно, што е спротивно со нивната централна улога во образовниот процес на ниво на средно училиште.

## 4. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА НА ЗДРАВЈЕ

Граѓанската организација ХЕРА како членка на Коалицијата на невладини организации за правата на детето, направи анализа на податоците што ги има од нивната секојдневна работа, а се однесуваат на бројот на децата и нивната структура што се имунизирани во нивните младински центри, како и на бројот на децата што се

обратиле за услугата училиштен лекар во наведените центри. Како организација, ги следеа препораките од Комитето за правата на детето во кој се забележува дека треба да се продолжи со подигнување на здравствените стандарди за децата преку „зголемување на квалитетот и достапноста на здравствените услуги за да се елиминираат диспаритетите меѓу урбаните и руралните области; и преку обезбедување на потребната медицинска помош и здравствена заштита на сите деца со акцент на развојот на примарната здравствена заштита, особено преку проширување на опфатеноста на децата кои се дел од најранливите сегменти од популацијата“[5]

## 4.1 Имунизација

### 4.1.1 Методологија

Овие податоци се добиени од двата Младински Центри „Сакам да знам” на невладината организација ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување. Едниот центар е лоциран во Центар, другиот во Шуто Оризари. Дел од услугите што се нудат во овие центри се однесуваат на имунизација и преглед од училиштен лекар. За секој клиент кој доаѓа во овие центри се води уредна евиденција. Секој давател на услуга, во однос на услугата што ја дава, пополнува листа за клиентот (клиентите во овие центри се водат под шифра, заради принципот на доверливост), со демографски податоци и податоци во однос на дадената услуга. Понатаму информациите од овие листи за евиденција се внесуваат во базата на податоци, од која пак, понатаму може да се генерираат извештаи.

### 4.1.2 Резултати

Според добиените резулти, во 2012 биле имунизирани вкупно 103 лица, од кои 34 се машки, 69 се женски. Според етничката припадност, 100 лица се Роми, 2 лица Албанци и 1 лице припаѓало на друга етничка припадност. Сите 103 лица се изјасниле дека живеат во урбана средина.

Во 2013 година според добиените податоци, имунизирани се 136 лица, од кои 45 машки и 91 женски. Сите се припадници на Ромската националност.

[5]Комитет за правата на детето; Разгледување на извештаите поднесени од државите членки според членот 44 од Конвенцијата; Завршни забелешки; CRC/C/MKD/CO/2, 11 јуни 2010 год.

http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/CRC.C.M1KD.ConcludingObservationsMK%281%29.pdf

Поголемиот број имунизирани деца во текот на 2013 од 2012 година се должи на воведувањето повеќе смени, на лицата одговорни за процесот на имунизација, како и градењето партнерства со останатите здруженија на граѓани и институции.

**Преглед на училиштен лекар**

Во 2012 година за преглед кај училиштен лекар се пријавиле 39 лица, од кои 9 биле машки и 30 женски. Од нив 38 деца биле припадници на Ромската националнот, 1 дете било претставник на друга етничка заениоица.

Во 2013 година за истата услуга се пријавиле 133 деца, од кои 50 биле машки и 83 женски. Сите деца биле припадници на Ромската национална заедница.

Разликата во бројот на лицата што се обратиле во центрите „Сакам да знам“ за услугата училиштен лекар во 2013 година, споредено со 2012 година се должи на тоа што во 2013 година се остварени повеќе партнерства и препознатливост на услугата од страна на самата заедница.

Паралелно со тоа, во 2012 година на територијата на општина Шуто Оризари почна да функционира т.н. ромски здравствен медијатор (РЗМ), кој дава информацииии на терен за тоа каде може да се обратат луѓето за потребите што ги имаат од обласата на здравствотото.

#### 4.1.3 Препораки

- Унапредување на соработката меѓу центрите за јавно здравје, тимовите за имунизација кои работат во здравствените домови, центрите за социјална работа и здруженијата на граѓани, заради поголем опфат на децата што не се имунизирани и немаат извршено редовен систематски преглед од најразлични причини.
- Поинтензивно активирање на теренските работници, здравствените медијатори и лица од заедницата, коишто би ги посетувале семејствата/заедниците што имаат деца за имунизација.

### 4.2 Здравје на адолесценти

#### 4.2.1 Методологија

Овие податоци се собрани од двата Младински центри „Сакам да знам” на невладината организација ХЕРА. Едниот центар е лоциран во Центар, другиот во Шуто Оризари. Овие податоци се добиени преку давање на следниве услуги: гинеколошки, дерматолошки, советување (социјален работник, педагог, психолог), едукации од стана на стручни лица (социјален работник, педагог, психолог) и врснички едукации.

За секој клиент кој доаѓа во овие центри се води уредна евиденција. Секој давател на услуга пополнува листа за клиентот во однос на услугата што ја дава (клиентите во овие центри се водат по шифра, заради принципот на доверливост), со демографски податоци и податоци во однос на дадената услуга.  Во ситуацијата кога има едукација, независно дали се работи за врсничка или едукација со стручно лице, повторно се води евиденција за лицата кои биле дел од конкретната едукативна сесија (демографски податоци, теми опфатени на сесијата, користени техники, поделени материјали). Понатаму, информациите од овие листи за евиденција се внесуваат во база на податоци, од која пак понатаму може да се генерираат извештаи.

#### 4.2.2 Резултати

Бројот на лицата што побарале услуга/информација во однос на сексуалното и репродуктивното здравје и права, во чијшто домен влегува и темата ХИВ/СИДА, во 2012 година во центрите „Сакам да знам“ изнесува 1793 лица. Од нив, 1294 биле женски, додека 499 машки лица.

Во 2013 година овој број е зголемен и изнесува 1842 лица, од кои 1320 биле женски, додека 522 машки лица. Според етничката пропадност, 405 лица биле Македонци, 1399 Роми, 30 биле Албанци и 8 биле припадници на другите етнички заедници.

Во 2013 година ХЕРА спроведулва едукативно-промотивни настани за подигнување на свеста кај Ромската популација во однос на темите ХИВ/СИДА и туберкулоза, при што во 5 градови од Република Макеоднија биле опфатени 900 лица млади лица од Ромска националност. Овие настани овозможиле поголем опфат на млади лица кои добиле информации за ХИВ/СИДА, како и за другите домени на сексуалното и репродуктивното здравје.

#### 4.2.3 Препораки

- Интензивирање на соработката меѓу здруженијата на граѓани, локалните самоуправи и Министерството за здравство со цел буџетирање на активностите од едукативен и информативен карактер од областа на младинско здравје, со акцент на ХИВ/СИДА и сексуално и репродуктивно здравје.
- Воведување сеопфатно сексуално образование во основните и во средните училиштеа со цел младите да имаат пристап до информациите за сексуално и репродуктивно здравје, вклучително и ХИВ/СИДА.

**ДОЕЊЕ**

Комитетот во Заклучните согледувања од 2010 година забележува дека „стапката на ексклузивно доење е во опаѓање“[6], иако се внесени одредби од Меѓународниот кодекс за забрана на замена за мајчиното млеко во Законот за безбедност на храна и во Законот за заштита на потрошувачите, и дека платеното породилно отсуство и паузи за доење се гарантираат со законот. Со цел да проследиме дали овој тренд на опаѓање и натаму продолжува или има одредено подобрување во овој дел, беа поставени три индикатори според кои се следеше состојбата во оваа област во три општини во Република Македонија. Индикаторите се однесуваа на постоењето *едукативни програми за мајки родилки за доењето; Бројот на новоотворените центри за ран детски развој во наведените општини (Капацитет на центрите, искористеност на центрите и сл.); Бројот на програмите наменети за родителите за раниот детски развој; Бројот на родителите кои ги поминале овие програми; и Бројот на родителите на деца со посебни потреби кои ја поминале оваа програма.*

### 4.3 Методологија

„Лајфстарт“ како организација членка на Коалицијата, којашто со години наназад ја следи состојбата со доењето во одредени општини во Република Македонија, за овој Извештај подготви податоци за општините Битола, Могила и Новаци и направи споредба на добиените податоци за периодот од 2007 до 2013 година.

Податоците што ги достави, „Лајфстарт“ ги има собрано преку направени интервјуа и добиени статистички податоци од ЈЗУ - Здравствен дом Битола. Прашањата поставувани во спроведените интервјуа се однесуваа на содржините на програмата за доењето, а е наменета за мајките-доилки, целите на таа програма, бројот на мајките што се опфатени, потоа бројот на новородените бебиња, како и бебиња што се доени до 3 и до 6 месеци.

[6] Комитет за правата на детето; Разгледување на извештаите поднесени од државите членки според членот 44 од Конвенцијата; Завршни забелешки; CRC/C/MKD/CO/2, 11 јуни 2010 год.

http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/CRC.C.M1KD.ConcludingObservationsMK%281%29.pdf

**Табела 1. Компаративна споредба за периодот од 2007-2013 година**

| | 2007 година | 2008 година | 2009 година | 2010 година | 2011 година | 2012 година | 2013 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно родени | 1019 | 1066 | 1000 | 1074 | 1014 | 971 | 929 |
| Машки новороденчиња | 462 | 460 | 458 | 477 | 411 | 411 | |
| Женски новороденчиња | 381 | 432 | 462 | 414 | 439 | 394 | |
| Новороденчиња во ризик | 176 | 174 | 180 | 183 | 164 | 166 | |
| Доени до 3 месеци | 622 | 599 | 632 | 841 | 861 | 890 | 889 |
| Доени до 6 месеци | 225 | 248 | 261 | 612 | 662 | 709 | 711 |

### 4.4 Резултати

Од добиените информации може да се забележи дека од година во година се зголемува бројот на новороденчиња кои се доени до 6 месеци. За истражувањето кое е спроведено во трите наведени општини.

### 4.5 Едукативни програми за мајки родилки за доењето

Целите и основите на програмите за промовирање на доењето се следните:

-Со актот на доење се воспоставува незаменлив психолошки однос мајка - дете;

-Мајчиното млеко влијае на имунолошкиот систем на доенчето најефикасно и го штити од инфекции;

-Мајчиното млеко не предизвикува алергиски реакции;

-Хемискиот состав на мајчиното млеко е приспособен на потребите за растот и развојот на доенчето и е адаптирано на особеностите за неговиот дигестивен систем;

-Мајчиното млеко е стерилно и економски најисплатливо.

### 4.6 Број на новоотворени центри за ран детски развој во општините Битола, Новаци и во Могила,

односно објекти и институции за едукација, згрижување и ран детски развој на деца од 0 до 6 години.

Во Битола има 2 централни градинки со свои сопствени клонови:

- Мајски цвет - 7 клона
- Естреја Овадија Мара - 8 клона

Во контекст на објектите и институциите за едукација, згрижување и ран детски развој на деца од 3 до 6 години постојат и 7 центри за ран детски развој (игротеки) кои фунционираат во рурални средини и приградски населби каде што нема градинки односно децата од тие средини немаат можност да бидат дел од програмите што го поттикнуваат раното учење и развој или игротеки кои се потпомогнати од донатори, локалната заедница и општините и во контекст на претходно изложеното, направени се измени во законот за предучилишно образование.

**Табела 2** Број на центри за ран детски развој

| општини | Могила | Новаци | Битола |
|---|---|---|---|
| **Број на центри за ран детски развој** | 1 | 1 | 5 |
| **Број на деца кои ги посетуваат ЦРДР** | 20 | 20 | 200 |

### 4.7 Програми за работа со родители

***Стандарди за рано учење и развој*** - програма којашто е наменета и за работа со деца и за работа со родители и овој документ ги презентира очекувањата што треба да ги достигнат децата од предучилишна возраст во разни домени на развој (моторен, социоемоционален, пристап кон учење, развој на јазикот, описменување и комуникација и когнитивен развој и стекнување општи знаења), а вредностите што треба да ги поседуваат при достигнувањата на стандардите за рано учење и развој се независност, креативност, иницијативност, одговорност кон себе и кон околината, прифаќање и почитување на различните од себе, толерантно однесување и солидарност, како и почит кон заедницата и државата во целост.

Во склоп на работата на ЦРДР, еднаш во месецот се одржуваат родителски средби на теми кои се поврзани со Стандардите за рано учење и развој кои треба да ги достигнат децата на одредена возраст и опфатени се сите родители на децата што ги посетуваат овие центри.

### 4.8 Препораки

- да се продолжи со спроведување на Програмите што ќе поттикнуваат ексклузивното доење

- поголемо вклучување на родителите на децата со посебни потреби во програмите за ран детски развој

## 5. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА КОИШТО УПОТРЕБУВААТ ДРОГА

ХОПС - Опции за здрав живот, како членка на Коалицијата, направи детална анализа на податоците што ги има од нивната секојдневна работа, воден од препораките на Комитетот за правата на децата во коишто се наведува дека е „загрижен во врска со отсуството на превентивни мерки и служби за рехабилитација за децата коишто се корисници на дрога и алкохол“[7], и воедно препорачува да се развијат вакви превентивни мерки и служби за рехабилитација.

### 5.1 Методологија

Врз основа на податоците со кои располага ХОПС, овој извештај ќе даде информација за бројот на децата што употребуваат дроги во однос на вкупната бројка на лица што употребуваат дроги со коишто ХОПС контактира и им дава услуги.

Работата на ХОПС со целните групи се одвива во еден дневен центар за поддршка на сексуални работници и на терен, додека лицата што употребуваат дроги користат услуги во три дроп-ин центри за размена на опрема за инјектирање лоцирани во општините Центар, Чаир и Шуто Оризари, дневен центар за рехабилитација и ресоцијализација на корисници на дроги лоциран во општина Центар, а од страна на теренскиот тим се посетуваат различни локации низ Градот Скопје. Дроп ин центрите имаат повеќе сервиси под еден кров, не се потребни никакви документи, услугите се бесплатни и анонимни. Децата што употребуваат дроги добиваат услуги во присуство на родител, а кога доаѓаат сами можат да добијат совет, храна, облека. Секој клиент добива шифра, комбинирана од бројки и букви, од која не се открива идентитетот. Од почнувањето со работа, ХОПС води евиденција за видот на услугите што им се дадени на лицата што употребуваат дроги преку водење дневни листи, изработка на месечни, тримесечни и годишни извештаи. Податоците од дневните листи и извештаите се внесуваат во електронска база на податоци каде што се води евиденција за клиентот,

[7] Комитет за правата на детето; Разгледување на извештаите поднесени од државите членки според член 44 од Конвенцијата; Завршни забелешки; CRC/C/MKD/CO/2, 11 јуни 2010 год.

http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/CRC.C.M1KD.ConcludingObservationsMK%281%29.pdf

датум, место и вид на добиена услуга. За потребите на овој извештај ќе бидат користени податоците од базата на податоци која ХОПС ја воспостави и ажурира од 1999 година. За поспецифични случаи, тимовите на ХОПС подготвуваат студија на случај, што е дел од евиденцијата на организацијата кои, исто така, ќе бидат искористени во извештајот за состојбата со децата коишто употребуваат дроги. Со оглед на тоа што ХОПС работи на територијата на Град Скопје, податоците во овој извештај ќе се однесуваат на Скопје со посебен фокус на општините каде што функционираат центри за размена на опрема и тоа: општина Центар, општина Чаир и општина Шуто Оризари.

### 5.2 Резултати

Податоците што ги обезбеди ХОПС со овој извештај се однесуваат на вкупната бројка на деца што употребуваат дроги со која располага ХОПС, што не соодветствува со реалниот број на деца корисници на дроги во Република Македонија и Градот Скопје. Од 1999 година до 31.12.2014 година ХОПС има контактирано вкупно со 3914 лица кои употребуваат дроги. Од нив 2712 се машки, а 339 женски, додека за 863 лица нема податок за пол ниту возраст во времето кога се евидентирани во ХОПС. **Заклучно со 31.12.2014 година во базата на податоци се евидентирани вкупно 43 лица кои во времето на првиот контакт имале под 18 години.**

ХОПС, исто така, контактира и им нуди услуги на деца кои употребуваат дроги или лепак преку нивните родители. Овие деца не се евидентирани во базата на податоци како посебни клиенти. Бројот на контактирани деца кои не се евидентирани во дата базата на ХОПС во 2014 година изнесува 22 деца на возраст од 5 до 17 години. Најголем дел од овие лица инхалираат лепак, дел од нив користат и хероин, а едно од нив и инјектира хероин. Поголемиот дел од овие лица просат во центарот на градот како начин да заработат за живот. Децата не посетуваат училиште и не се сместени во ниту една институција и само повремено го користат дневниот центар за бездомни лица „Гази Баба“. Најчесто контактот со нив е на терен на различни локации низ градот, додека поретко децата заедно со нивните родители ги посетуваат центрите за намалување на штети од употреба на дроги кои функционираат во трите општини во Скопје (Центар, Чаир и Шуто Оризари).

### 5.3 Препораки

Врз основа на позитивните обврски што ги има преземено државата за обезбедување највисок стандард на здравје на децата кои употребуваат дроги, неопходно е:

- Да се воспостави систем за следење на состојбата со децата што употребуваат дроги;

- Да се овозможи третман на зависност од droги базиран на медицина на докази за сите деца, независно од нивната возраст;
- Да се отворат центри за рехабилитација и ресоцијализација на децата што употребуваат дроги;
- Да се отворат програми за работа со семејства коишто имаат деца што употребуваат дроги.

Овие препораки се во согласност со веќе дадените препораки од страна на Комитететот за заштита на правата на детето за Република Македонија, CRC/C/15/ADD.118 (CRC, 2000) и Комитетот за елиминација на сите форми на дискримианција врз жената за Република Македонија, CEDAW/C/MKD/CO/4-5 (CEDAW, 2013).

# 6. МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА

Во овој дел, фокусот на два индикатора се однесуваше на малолетниците како сторители на кривични дела, односно на малолетничката деликвенција, па така се собираа податоци за бројот на малолетниците што извршиле кривични дела од областа на информатичката технологија, попознато како компјутерски криминал, како релативно нов криминалитет во оваа област. А интересот беше насочен и кон бројот на малолетниците што се обвинети за извршување кривични дела од областа на организираниот криминал. Додека пак третиот индикатор се однесуваше на малолетниците како жртви на кривични дела, поточно како жртви на организиран криминал и корупција.

## 6.1 Методологија

### 6.1.1 Начин на собирање на податоците

Статистика на Коалицијата изготвена врз основа на следење на судски предмети, допис до Канцеларијата за односи со јавност на Основен суд Скопје I – Скопје; Анализа на годишниот извештај на националниот известувач за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во РМ за 2013 година на Министерство за внатрешни работи.

Коалиција „Сите за правично судење“ во рамките на својата програма за мониторинг на судски постапки во 2013 година продолжи со реализација на проектните активности - проектот *„Мониторинг на судски предмети од областа на*

*организираниот криминал и корупција,* којшто почна да се реализира во септември 2012 година. Проектот е предвидено да заврши во септември 2013.

Податоците што се користени за извештајот се од сопствената евиденција на Коалицијата, истите се добиени преку директен мониторинг на судските постапки што се водат пред Одделението за организиран криминал и корупција при Основен суд Скопје I – Скопје. Мониторингот го вршат тимови од обучени набљудувачи (дипломирани правници) кои ги внесуваат податоците од набљудувањето во стандардизиран прашалник и ги испраќаат на координаторот на проектот. Лицето задолжено за одржување на базата ги внесува податоците во дата базата.

Останатите податоци потребни за извештајот се добиени од јавно објавените судски пресуди и од комуникација со надлежните институции кои располагаат со податоците.

- **Мониторинг Јануари 2013 – Јули 2013**
- **Набљудувачи – Прашалници – Дата база**
- **Јавно објавени судски пресуди**
- **Комуникација со институции**
- **Анализа на податоци објавени од МВР и Државен завод за статистика**

## 6.2 Резултати

**Процент на малолетници кои извршиле кривични дела од вкупниот број кривични дела извршени во 2013 година**

Според податоците од Државниот завод за статистика Бројот на пријавените малолетни лица - сторители на кривични дела во 2013 година, во споредба со истиот период од претходната година, е зголемен за 0.4%. Во 2013 година, во споредба со 2012 година, бројот на осудените малолетни лица - сторители на кривични дела е намален за 14.9%.[8]

Најмногу кривични дела извршени од малолетниците, или 45% се регистрирани на подрачјето на СВР Скопје, а за разлика од 2012 се бележи зголемување на малолетните криминалци од 30%. Во текот на 2013 година за извршените кривични дела се пријавени 1.184, а овој број во 2012 изнесувал 723 малолетни лица, меѓутоа, со оглед дека сториле по повеќе кривични дела (некои од нив и по 30 кривични дела), истите се регистрирани како 2.485. Од пријавените малолетни лица, 1.126 лица или 95% се од машки, додека 58 се од женски пол, а најчесто се пријавувани за вршење

[8] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=14

имотни деликти. Во рамките на делата проследени со елементи на насилство, загрижува сè почестата употреба на огнено и ладно оружје, кое често го употребувале на јавни места, како што се училишта, автобуси, постојки и сл., повредувајќи притоа свои врсници, а со ваквото однесување предизвикале чувство на страв и вознемиреност кај граѓаните.[9]

Според видот на криминалот, 98% од малолетничкиот криминал во 2013 е од областа на класичниот криминал, односно 1.531 дело припаѓаат на оваа област. Нешто повеќе од една третина се извршени на подрачје на СВР Скопје - 470 дела, а најмалку на подрачје на СВР Тетово - 36 дела. Овие дела малолетниците најчесто ги вршеле организирано, односно во група составена од малолетни и полнолетни лица.

Последниве години малолетниците се јавуваат и како сторители на кривични дела со елементи на насилство, пред сè на разбојништва, а нивниот број изнесува 62, или за три помалку во однос на 2012 година. Иако учеството на малолетниците во другите области на криминалот е минимално, сепак, во рамките на кривичните дела против животот и телото, извршени се 47 во споредба со 2012 кога овој број изнесувал 46 кривични дела, односно за едно повеќе од 2012, од кои најмногу, односно 24 се тешки телесни повреди. Кривичните дела против половата слобода и половиот морал се повеќе од двојно зголемени, во однос на 2012 година, односно извршени се 26 кривични дела, од кои во најголем број случаи, односно 18 се работи за „полов напад над малолетник кој не наполнил 14 години."[10]

Од кривичните дела против јавниот ред и мир најзастапено е кривичното дело „насилство"- 42 дела (23 во 2012), а секако загрижува што се речиси двојно зголемени во споредба со претходната година, а повеќе од третина или поточно 16 дела се извршени во Скопје.

Во областа на недозволената трговија се извршени 18 дела (21 во 2012), од кои осум дела се „овозможување употреба на наркотична дрога", се извршени од малолетници кои во своите домови им овозможувале на други лица да уживаат дрога.

Во областа на организираниот криминал делата се двојно намалени во споредба со 2012, односно малолетниците извршиле 4 дела (8 во 2012), при што во два случаја се работи за кривичното дело „фалсификување пари". Но затоа зголемен е бројот на извршените дела од малолетници од областа на економскиот криминал, односно извршени се 5 дела (2 во 2012). Притоа за обележување се откриените случаи во кои малолетници незаконски обезбедиле лични податоци, а потоа со лажни платежни картички вршеле нелегални банкарски трансакции.

Малолетниците се јавуваат и како сторители на прекршоци против јавниот ред и мир, при што во 2013 година 940 (1.378 во 2012) сторители се малолетници, односно се бележи значително намалување на сторителите од 32%. Малолетниците најчесто се

---

[9]Министерство за внатрешни работи. *Анализа на состојбите со малолетничката деликвенција во 2013 година.* Скопје, 2014.

[10]Ibid.

пријавувани за прекршокот „физички напад“ – 429 (626 во 2012) и „учество, предизвикување или поттикнување тепачка“ – 335 (490 во 2012), додека останатите прекршоци се застапени во помал број.[11]

| | СВР Скопје | СВР Штип | СВР Куманово | СВР Струмица | СВР Битола | СВР Велес | СВР Охрид | СВР Тетово | ОСОСК | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2012** | 546 | 248 | 163 | 99 | 137 | 127 | 177 | 84 | 1 | 1582 |
| **2013** | 708 | 185 | 170 | 123 | 111 | 105 | 84 | 70 | 2 | 1558 |

#### 6.2.1 Препораки

Со цел подобрување на состојбата во делот справување со малолетничката деликвенција, потребно е преземање неколку клучни чекори во оваа област:

- воспоставување Совети за превенција на малолетничка деликвенција,
- обуки на ментори и медијатори за работа со малолетници,
- изработка на протокол за постапување со деца во ризик и малолетници сторители на казниви дела,
- опремување простории за водење разговор со дете жртва и дете сторител на кривично дело.
- подготовка на планови и програми за спречување на оваа појава.
- зголемено присуството на полицијата во загрозените места, каде што се бележи највисока концентрација на малолетни деликвенти
- редовна посета на полициските службеници во училиштата и нивна соработка со педагошко-психолошките служби.
- организирање јавни дебати, работилници и обуки во насока на детектирање на проблемите и изнаоѓање решенија за подобрување на состојбата во оваа област.

### 6.3 Број на малолетници обвинети за организиран криминал и корупција

За поимното определување на корупцијата често се користи дефиницијата на Светска банка, според која корупцијата претставува злоупотреба на јавни овластувања за стекнување приватна корист.

Организираниот криминал значи: незаконски активности извршени од структурирана група од три или повеќе лица која постои подолг период со цел извршување сериозен

[11] http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=13221&mid=1094&tabId=201&tabindex=0

криминал преку заеднички активности со користење на заплашување, насилство, корупција или други средства со цел директно или индиректно да се добие финансиска или друга материјална корист (Совет на Европа 2002, 6).

Единствено надлежно за постапување по предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата за целата територија на Република Македонија е Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје. Во 2013 година Коалицијата „Сите за правично судење“ набљудуваше 37 предмети што се водат на ова одделение. Во ниту еден од предметите немаше обвинет малолетник, од причина што во најголемиот дел од случаите обвинетите се товарат за злоупотреба на службената положба и овластување 353 од КЗ, каде што делата се извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правен субјект.

### 6.3.1 Начин на собирање на податоците

Статистика на Коалицијата изготвена врз основа на следење судски предмети, јавно објавена судска пресуда.

### 6.3.2 Број на малолетници жртви на организиран криминал и корупција

Под „жртва на кривично дело“ се подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на стореното кривично дело.

Под „дете жртва на кривично дело“ се подразбира малолетно лице до 18 години.[12]

Во 2013 година се идентификувани вкупно 15 жртви на трговија со луѓе, сите од женски пол, од кои: малолетни 9 (8 домашни и 1 странска), полнолетни 6 (1 домашна и 5 странски). Особено загрижува податокот што Домашните жртви, во најголем дел се малолетни лица. Потекнуваат од Гостивар, Тетово, Прилеп, Гевгелија, Куманово и Скопје, а се експлоатирани во северо-западниот полошки регион на Република Македонија, и дел од нив во странство.[13]

Според извршениот мониторинг од страна на Одделението за организиран криминал и корупција, како надлежно за постапување по предмети каде што обвинетите се

---

[12] Член 122 став 22 од Кривичниот законик

[13] *Годишен Извештај на Националниот Известувач за Борба против Трговија со Луѓе и Илегална Миграција во РМ за 2013 година.* Министерство за Внатрешни работи. Скопје, 2014.

товарат за кривичното дело „Трговија со малолетно лице“ според член 418 – г[14] од КЗ, има 5 активни предмети. Најчесто во предметите бројот на обвинети е три или повеќе лица, притоа како место на извршување на кривично правниот настан се јавуваат ноќни барови и локали. Исто така, како попритаен начин на дејствување се користат и салони за убавина, масажи, агенција за вработување итн.

**Вкупниот број на малолетници кои се јавуваат како жртви во овие 5 предмети е 6 лица**

| | |
|---|---|
| во предметот КОК бр.16/11 | како жртва се јавува 1 (еден) малолетник |
| во предметот КОК бр.18/11 | како жртва се јавува 1 (еден) малолетник |
| во предметот КОК бр.30/11 | како жртва се јавува 1 (еден) малолетник |
| во предметот КОК бр.14/13 | како жртва се јавува 1 (еден) малолетник |
| во предметот КОК бр.13/13 | како жртва се јавуваат 2 (два) малолетници |

Во најголемиот број од предметите врбувањето, пренесувањето, превезувањето, купувањето, продажбата, засолнувањето на малолетното лице од страна на обвинетите е заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација. Во мониторираните предмети каде што малолетникот -

[14]Трговија со малолетно лицеЧлен 418-г од Кривичниот законик

(1) Тој што врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа малолетно лице заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана, со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(3) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од малолетно лице за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(4) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставовите 1 и 2, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(5) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(6) Согласноста на малолетното лице со дејствијата предвидени во став 1, не е од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.

(7) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(8) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.

жртва се јавува како оштетен, како сведок или кумулативно, судот постапуваше на начин на кој се избегнуваат можните штетни последици за неговата личност и развој[15]. Имено, малолетник во својство на оштетен бил сослушуван во присуство на неговиот полномошник, како и педагог и претставник од центарот за социјални работи, Јавноста била исклучена заради заштита на интересите на малолетникот, на рочиштата на кои присуствувале набљудувачи на Коалицијата „Сите за правично судење" како стручна јавност претседателот на советот ги предупредувал лицата што присуствуваат на главниот претрес, од кој е исклучена јавноста, дека се должни да го чуваат како тајна сѐ она за што узнале на претресот и им укажувал дека оддавањето на тајната претставува кривично дело. Од ова можеме да заклучиме дека судот посветува огромно внимание на заштитата на психофизичкиот интегритет на малолетникот и неговата приватност.

Малолетникот жртва може да биде сослушан како сведок само ако тоа не влијае штетно врз неговиот психофизички развој. Малолетник може да биде сослушан најмногу два пати во својство на сведок, а по исклучок трет пат ако тоа го бараат посебните околности на предметот.

### 6.3.3 Препораки

Постапката во која како жртва се јавува малолетник е итна. Сепак, поради комплексноста на предметите што се водат пред Одделението за организиран криминал и корупција и честата недостапност на обвинетите, како и одлагањата на рочиштата, предметите траат и по неколку години, што влијае негативно врз жртвата. Треба подобро менаџирање на судските предмети со цел да се избегнат непотребните одложувања на главниот претрес.

Во случаите кога малолетник е жртва на трговија со луѓе се јавува опасност кога се враќа во средината и во условите во кои живеел затоа што е голема веројатноста повторно да стане жртва. Затоа државата треба да преземе мерки за целосна заштита на жртвите по завршувањето на постапката, односно да се одвојат од средината во којашто станале жртви на трговија.

Иако член 418 – г став 7 од КЗ предвидува можност за казнување правно лице, не е изречена парична казна за ниту едно правно лице во предметите што ги има следено Коалицијата. Судот треба да почне да изрекува и казни за правните лица сторители на делото.

[15] Види чл 137 до чл 143 од Законот за малолетничка правда (Сл. Весник на РМ бр.87/07 од 12.07.2007 год. Измени од 19.08.2008 и 24.12.2008 , измена и дополнување од 05.11.2010 год.)

### 6.4 Семејно насилство

Коалиција „Сите за правично судење“ во рамките на програмата за мониторирање на судски постапки во 2013 година беше ангажирана за спроведување мониторинг на активноста во склоп на проектот „Поглед однадвор“ – Дали и како се обезбедува потребната судска заштита на жртвите од семејно насилство при изрекувањето на казната, имплементиран од страна на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕМ.

Податоците што се користени за извештајот се од евиденцијата на Коалицијата. Истите се добиени преку директен мониторинг на судските постапки. Беа мониторирани вкупно 84 судски предмети за изрекување привремени мерки за заштита, односно беше направен увид/беа набљудувани 168 судски рочишта во десет основни судови во градовите: Битола, Куманово, Штип, Струмица, Велес, Радовиш, Делчево, Дебар, Гостивар и Тетово.

Мониторингот го извршија десет обучени набљудувачи (дипломирани правници) кои податоците од набљудувањето ги внесуваат во стандардизиран прашалник и ги испраќаат на координаторот на проектот.

- Мониторинг/Увид во судски предмети, ноември 2013 – април 2014
- Набљудувачи – Прашалници – Дата база
- Подготвена анализа http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2014/Analiza%20na%20postapuvanjeto%20na%20sudovite.pdf

Заштитата на жртвата од насилство, повикувањето на насилникот на одговорност и укажувањето на недозволеноста на неговото однесување е целта поради која се воведени привремени мерки за заштита. Постапката за изрекување привремени мерки за заштита е уредена во Законот за семејството на РМ. [16]

Жртва на семејно насилство можат да бидат и децата.

Во повеќе од половина од судските предмети подносителот на предлогот беше брачниот или вонбрачниот другар, потоа следуваат родителите, поранешниот брачен другар, децата, брат или сестра, други членови на домаќинството, како што се поранешна снаа, поранешен свекор, свекрва, внук, вујко.

Во само 5 од опфатените предмети жртва на семејно насилство директно биле децата, кои преку Центарот за социјални работи поднеле предлог за изрекување привремени мерки за заштита.

---

[16] http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2014/Analiza%20na%20postapuvanjeto%20na%20sudovite.pdf стр.9

Закон за семејство член 94-а до 94-ј

Сепак, загрижува фактот што во најголемиот број предмети како сторители на семејно насилство се јавуваат брачниот или вонбрачниот другар кои имаат малолетни деца. Значи, во најголемиот број случаи децата индиректно се жртви на семејното насилство, тие се подложени, пред сè, на психичко насилство.

Сторителите на семејно насилство најчесто потекнуваат од дисфункционално семејство, во незавидна економска и материјална состојба, дел од нив се зависници од дрога или прекумерна употреба на алкохол, а дел се со психички нарушувања.

Судот при изрекувањето на привремените мерки за заштита треба да внимава на интересите на малолетникот, и да ги земе предвид наодот и мислењето подготвен од стручниот тим на Центарот за социјални работи.

Во случаи кога малолетникот треба да сведочи пред суд, задолжително да присуствува и психолог од Центарот за социјални работи.

- Постапката итно да се заврши за да се избегне секундарната виктимизација на децата.
- Центрите за социјални работи да посветат поголемо внимание на случаите на семејно насилство во кои децата се јавуваат како жртви, било директно или индиректно, и стручниот тим од ЦСР да продолжи да работи со децата жртви во насока на нивни правилен психофизички развој.
- Да се направи јавна кампања преку која би се охрабриле децата жртви да го пријават семејното насилство.

## 7. Остварување на правото на образование на малолетниците во воспитно-поправните институции

### 7.1 Методологија

Состојбите со правата на децата во воспитно-поправните установи ќе ги анализираме преку достапните информации од релевантните институции коишто се директно вклучени во работата со малолетните лица што извршиле престап.

Податоците што се претставени во овој извештај се податоци добиени по пат на анлиза на официјални извештаи со сите релевантни страни – Народен правобранител, Биро за развој на образованието, МОН, меѓуопштински центри за социјална работа, Министерство за правда, ЦГИ и други граѓански организации и медиуми.

Достапните извештаи од институциите се однесуваат на 2013, поради тоа што извештаите за 2014, ќе бидат пубикувани во март 2015. Анализата на достапните извештаи дава генерална слика за состојбите на правата на децата во ВП домот Тетово, но мора да се напомене дека наспроти добро поставената правна рамнка,

реализацијата на проекти од страна на УЗС – Скопје за образование и реинтеграција на малолетните лица, сè уште недостасува остварување на правото на образование кај малолетните лица и забалежани се информации во медиумите[17] за наводно насилство врз малолетниците од самите малолетници (силување), при што институциите сè уште се немаат изјаснето со јасен став за санкционирањето на ваквиот случај од август и октомври 2014.

### 7.2 Остварување на правото на образование на малолетниците во воспитно-поправните институции

### 7.3 Резултати

**Табела 1**

| Возраст на малолетните лица | Број на малолетни лица |
|---|---|
| Од 14 до 16 години | 4 |
| Од 16 до 18 години | 15 |
| Од 18 до 23 години | 17 |
| Вкупно | 36 |

Од информацијата со предлог за преземање мерки на Народниот правобранител на Р.М. доставена на 14.12.2014 до Министерството за правда, Управата за извршување санкции, јасно е наведено дека во разговори со воспитувачите во 2014, **не се спроведува образовниот процес.** Од оваа информација можат да се согледаат следниве податоци: 9 од малолетните лица се неписмени; 2 се со завршено трето одделение; 3 со четврто одделение; 1 со завршено петто одделение; 1 со шесто одделение; 3 малолетници имаат завршено седмо одделение; 8 имаат завршено осмо одделение; 2 имаат средно образование. Во овој извештај наведено е дека до УЗС се доставувани списоци, но образовниот процес сè уште не е почнат. Исто така, Народниот правобранител констатирал дека неколку малолетници на свој трошок го продолжиле образованието, за што од страна на ВП Домот им биле овозможени услови за полагање на испитите. Во недостаток на формално образование, основно и средно, иако е задолжително, воспитувачите спроведувале неформален облик на образование за малолетниците во ВП Домот.

[17] http://www.time.mk/c/ff73d21ef0/uste-eden-maloletnik-siluvan-vo-tetovskiot-zatvor.html

### 7.4 Коментар на податоците

Институцијата која е задолжена за извршување на воспитната мерка „упатување во воспитно поправен дом“ спрема машки малолетни лица е Воспитно-поправниот дом Тетово. Оваа институција е во надлежност на Управата за извршување санкции при Министерството за правда во Р. Македонија.[18]

Правната рамка на Република Македонија е богата и прави една сеопфатна регулација на прашањата поврзани со децата во конфликт со законот и почитувањата на правата на детето. Овде, меѓу другите, ги спменуваме: Уставот на Република Македонија, кривичната и процедуралната легислатива за малолетници – Законот за малолетничка правда, Законот за извршување санкции, Законот за образование, Законот за социјална заштита, Законот за здравствена заштита и др.

Вреди да се спомене дека македонската легислатива прави напори да обезбеди стандарди и да ги почитува правата на малолетниците во конфликт со законот, еден потребен баланс меѓу правата на казнетите, правата на жртвите и нарушениот мир на заедницата во врска со јавната безбедност и спречувањето на злото. Сево ова е за да се обезбедат алтернативни опции, намалувајќи го како последица бројот на казните со затвор и за да се рационализираат политиките на кривичното право, имајќи ги предвид набљудувањето на човековите права, побарувањата на социјалното право и потребите за ресоцијализација и реинтеграција.

Во целина, оваа правна рамка е целосна и гарантира адекватен третман на малолетниците во конфликт со законот, во согласност со меѓународните стандарди на ова поле. Овде има значење практичното почитување на правата и гаранциите што ги предвидува внатрешната легислатива во врска со категоријата малолетници во конфликт со законот. Во рамките на овие права и поради целите и спецификите на овој прирачник, вниманието ќе го задржиме кај правото на образование.

Од информациите што ги анализираше ЦГИ, а се во насока на остварување на правото на образование, важно е да се напомене дека Управата за извршување санкции во моментот реализира тековен проект: „Подобрување на затворските услови за реинтеграција на малолетните затворени лица“ со реализација 01.06.2013 – 31.05.2016. Овој проект, иако е насочен на реитеграцијата на малолетните лица, игра многу важна улога за образовниот процес.

Во оваа насока, процес кој индиректно дејствува врз образованието на малолетните лица е законот за Пробација, поточно:

[18]Малолетниците и нивните права во воспитно-поправните институции, 2011, публикација на ЦГИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА, УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ - СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ПРОБАЦИСКА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (2013-2016 година), стр. 14 - Делокругот на надлежности и овластувања на пробациската служба се однесува **исклучиво** на возрасни сторители на кривични дела, додека извршувањето на алтернативни мерки на малолетници останува во надлежност на Центрите за социјални работи.

### 7.5 Препораки

- Задолжително воведување реализација на средно образование во рамките на воспитно – поправните институции согласно со тековните образовни програми, кои се реализираат во РМ;
- Креирање протоколи меѓу воспитно-поправните институции и МОН кои ќе гарантираат средно задолжително образование;
- Именување „ментори“ за учениците што ќе се запишат во високообразовните инситутции, а коишто ќе ја следат и ќе помагаат во нивната работа;
- Воведување едукативни, рехабилитациски и програми за обука што се однесуваат на развојот на интелектуалните вештини со кои се стекнуваат професионални компетенции;
- Набљудување на процесот на образование во рамки на ВП Домот и откако штитениците ќе излезат од институцијата;
- Набљудување на реализацијата на извршување на алтернативните мерки во соработка со ЦСР, како многу важен сегмент за ресоцијализацијата и образованието кај малолетниците

## 8. ДЕЦА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА

Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта“ е регистрирано во септември 2000 година и веќе 14 години активно работи на спречување на трговијата со луѓе, како на национално, така и на меѓународно ниво, преку членство во мрежата „Ла Страда“. Организацијата спроведува активности за лобирање и застапување, подигнување на свеста, превенција и едукација, како и обезбедување директна поддршка за жртвите на трговија со луѓе.

„Отворена порта“ од 2005 година обезбедува услуги за жртвите на трговија со луѓе во прифатилиште, како и за жртви што престојуваат во нивните средини. За таа цел, „Отворена порта“ има развиено комплексна Програма за социјална асистенција и поддршка на жртвите и на нивните семејства. Оваа програма ги следи поставените

стандарди на меѓународните Протоколи и Конвенции на кои Република Македонија е потписничка. Тука ќе ги споменеме Протоколот на ОН за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и деца (Палермо протокол), кој ја надополнува Конвенцијата на ОН за борба против транснационален организиран криминал (2000), документи кои пропишуваат минимум услуги што треба да бидат обезбедени на една жртва.

НВО „Отворена порта" во своето долгогодишно работење со жртви на трговија со луѓе примени нов пристап во работата заснован на целосно почитување на човековите права, како и активно учество на жртвата во создавањето на индивидуалниот план за помош.

### 8.1 Методологија

За целите на овој извештај се користени следниве извори:

- Анализа на индивидуалните предмети на корисничките на Програмата за социјална асистенција на „Отворена порта";
- Консултации/ставови и мислења од клучни лица кои учествувале/учествуваат во работа со жртви на трговија со луѓе;
- Преглед на извештаи за заштита на жртви на трговија со луѓе на „Отворена порта";
- Преглед и анализа на стратешки документи (национални стратегии, програми, акциски планови и стандардни оперативни процедури);

За извештајот беа применети квалитативни и квантитативни методи, направена е анализа на содржината на личните досиеја на жртвите на трговија со луѓе и податоците се статистички обработени. Спроведени се интервјуа со три лица – членови на тимот на „Отворена порта" кои директно работеле со жртвите на трговија со луѓе.
Направена е анализа на содржината на податоците за да се дојде до целосно и сеопфатно разбирање на ризиците од трговијата со луѓе, процесот на вовлекување во трговија со луѓе и поддршката на жртвите со посебен акцент на детето.
Особен предизвик при подготовката на оваа анализа е систематизирањето на податоците (статистички и квалитативни) за социо-економските карактеристики
и поддршката на жртвите на трговија со луѓе кои беа вклучени во Програмата за социјална асистенција на Здружението на граѓани против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта".

## 8.2 Резултати

### 8.2.1 Процент на идентификувани деца жртви на трговија со луѓе во вкупниот број евидентирани жртви на трговија (во Отворена Порта/Ла Страда)

Во 2013 идентификувани се 12 лица жртви на трговија со луѓе, од кои десет се деца, односно 83,3 % од идентификуваните се деца.

Во 2014 година идентификувани се 12 лица жртви на трговија со луѓе, од кои 10 се деца, односно 83,3 % од идентификуваните се деца.

Земени се податоци за возраста за деца, полот, потеклото - место на живеење, семејната структура, образованието, кој ги идентификувал, колку време биле тргувани, што им е обезбедено. Овие податоци ќе ги проследиме низ табели по различни индикатори.

**Табела 1.** Приказ на кориснички сметени во прифатилиштето за 2013

| **Приказ на бројот на корисничките сместени во Прифатилиштето според возраста во 2013 година** | | | | | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 – 14 год. | 15–18год. | 19 - 24 год. | 25 – 29 год. | 30 – 34 год. | |
| 2 | 8 | 1 | 0 | 1 | 12 |

Во однос на возраста, 2 деца биле на 13-годишна возраст, 8 деца биле на возраст од 16 и 17 години.

**Табела 2.** Приказ на кориснички сместени во прифатилиштето за 2014 година

| **Приказ на бројот на корисничките сместени во Прифатилиштето според возраста во 2014 година** | | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 – 14 год. | 15–18год. | 19 - 24 год. | 25 – 29 год. | 30 – 34 год. | |
| 1 | 4 | 1 | | | 5 |

Во однос на сместените лица во Прифатлиште, старосната структура се движи со 1 лице на возраст од 14 години, 3 лица се на возраст од 15 години, 1 лице на возраст од 16 години.

**Табела 3.**Приказ на деца жртви според пол за 2013 година

| **Приказ на деца жртви според пол во 2013 година** | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Машки | женски | | | |
| 0 | 10 | | | 10 |
| **Приказ на деца жртви според образование во 2013 година** | | | | |
| **Не се вклучени во образовен процес** | **Незавршено основно** | **Незавршено средно** | **друго** | Вкупно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **образование** | **образование** | | |
| **5** | **2** | **2** | **1** | 10 |
| **Приказ на деца жртви според место на живеење во 2013 година** | | | | |
| **Рурална средина** | | **Градско подрачје** | Вкупно | |
| **6** | | **4** | 10 | |
| **Приказ на деца жртви според семејна структура во 2013 година** | | | | |
| **Дисфункционално семејство** | **Со еден родител** | **Со двајца родители** | **Без родители** | Вкупно[19] |
| **2** | **3** | **5** | | 10 |

Од дадените табели може да се направи опис на профилот на едно дете жртва на трговија со луѓе. Лицата во 2013 година се сите од женски пол. Во однос на образованието, 4 лица го почнале образованието, но не продолжиле понатаму и не се вклучени во образовниот систем. Едно лице има завршено 3 одделение, едно лице започнало да посетува 3 одделение, но го прекинало школувањето, едно лице има завршено 4-то одделение и едно лице има завршено 8 одделение и не го продолжило своето образование. Две деца го имаат прекинато редовното вклучување во образованието, но повторно се вратени и редовно ја посетуваат наставата, едно лице во 5 одделение во редовно основно училиште, а едно лице поради надминување на својата возраст го продолжи образованието во 6 одделение во училиштето за возрасни. Едно лице редовно ја посетува наставата во II година средно училиште, а едно дете редовно посетува III година средно улилиште. Едно дете посетуваше алтернативно образование - курс за фризери во Работнички универзитет. Лицата го прекинуваат своето образование најчесто по завршувањето на 4 одделение и не сакаат повторно да бидат вклучени во образовниот систем и покрај законската рамка за задолжително образование. Три лица не го продолжиле образованието затоа што со нив биле договорени малолетнички бракови и тие морале да се потчинат на традицијата и волјата на родителите.

Шест од децата жртви на трговија со луѓе потекнуваат од рурална средина, а четири потекнуваат од градско подрачје. Се забележува дека подеднакво се опфатени и деца од рурална средина и деца од градско подрачје. Во однос на семејната структура во 2013 година се забележува дека децата, иако се со двајца родители, нивниот број е значителен - 5 лица, а две од нив се од дисфункционални семејства, додека бројката со еден родител значајно се намалува со 3 лица. На еднаков ризик се изложени и децата со двајца родители, и децата со еден родител, и децата од дисфункционални семејства кои не водат грижа за своите деца, ги следат обичаите и традициите и не ретко децата ги

[19] Едно дете може да биде прикажано во повеќе категории

гледаат како единствен извор на финансиски средства. Во извештајот нема деца без родители и родителска грижа.

**Табела 4** Приказ на деца жртви според полот за 2014 година**.**

| **Приказ на деца жртви според полот во 2014 година** | | | | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Машки** | | **женски** | | |
| **0** | | **10** | | **10** |
| **Приказ на деца жртви според образование во 2014 година** | | | | |
| **Не се вклучени во образовен процес** | **Незавршено основно образование** | **Незавршено средно образование** | **друго** | **вкупно** |
| **5** | **3** | **1** | **1** | **10** |
| **Приказ на деца жртви според место на живеење во 2014 година** | | | | |
| **Рурална средина** | | **Градско подрачје** | **вкупно** | |
| **4** | | **6** | **10** | |
| **Приказ на деца жртви според семјна структура во 2014 година** | | | | |
| **Дисфункционално семејство** | **Со еден родител** | **Со двајца родители** | **Без родители** | **Вкупно**[20] |
| **4** | **2** | **4** | | 10 |

Сите лица се од женски пол. Во однос на образованието, 4 деца не се вклучени во образовниот процес, едно дете редовно ја посетува наставата во основно образование, а едно дете посетува редовна настава во училиштето за возрасни. Едно дете посетува редовна настава во средно училиште. Во анализата се забележува поголемо присуство на деца од градско подрачје, додека децата од руралните средини во текот на оваа година се намалени. Во однос на семејната структура, подеднакво се опфатени сите категории како семејства со еден родител, така и семејства со двајца родители, каде што има присуство и на дифункционалност во семејствата.

**Табела 5.** Компаративен преглед со податоци од претходни години за корисннички сместени во Прифатилиштето во Отворена порта Ла страда

| | **Приказ на бројот на корисничките сметени во Прифатилиштето според возраста** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | **Вкупно** |
| 10 – 14 | 1 | 2 | 2 | 5 | 1 | 2 | 2 | 2 | **17** |

[20]Едно дете може да биде прикажано во повеќе категории

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 – 18 | 2 | 4 | 5 | 7 | 6 | 7 | 7 | 3 | **41** |
| 19 - 24 | 1 | 2 | 9 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | **16** |
| 25 – 29 | 1 | 0 | 7 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | **10** |
| 30 – 34 | 1 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **5** |
| **Вкупно** | **6** | **9** | **26** | **12** | **9** | **9** | **10** | 8 | **89** |

### 8.2.2 Процент на идентификувани деца под висок ризик да станат жртви на трговијата со луѓе во вкупниот број евидентирани потенцијални жртви на трговија (во Отворена Порта / Ла Страда)

Во проектот „Придружна социјална работа“ реализиран од страна на Отворена порта во текот на 2013 и 2014 година идентификувани се 12 лица од кои 11 деца под ризик од трговија со луѓе или 91,6 %, односно во 2013 година има 6 лица од кои 5 се деца или 93,3%, а за 2014 година идентификувани се 6 лица, од кои 6 деца или 100 % од идентификуваните.

Пред почнувањето на активностите со децата, тимот на социјални работници на „Отворена порта“ реализраше средби со нивните родители. На тие средби родителите беа запознати со целите на проектот и тие доброволно изјавија дека сакаат нивните деца да бидат вклучени во овој проект. Потпишаа согласност за соработка, исто така, потпиша изјава за прифаќање на програмата. Во овој проект се реализира социјалната програма во која се опфатени децата и нивните семејства. Лицата се упатени од страна на Центрите за социјална работа. Повеќето семејства на овие деца се корисници на парична помош која им се доделува од страна на МТСП. Активностите во проектот се спроведуваат теренски. Индивидуалните средби се по два пати во текот на месецот, додека пак со семејствата средбите се еднаш во текот на месецот. Средбите со децата и семејствата се договараат однапред за поефикасно реализирање на проектот. За секое од децата тимот од социјални работници има подготвено индивидуален план, кој е креиран според матрица на ресурси кој опфаќа повеќе сегменти, како што се приходи во семејствата, домување, вработување, здравство, ментално здравје, социјална работа, рекреација, образование, правна помош и секојдневни активности. Во индивидуалниот план се одбираат најитните потреби и интензивно се работи на тоа поле.

### 8.2.3 Обезбедени услуги за децата вклучени во програмата на „Отворена Порта“ за 2013-2014

- Сигурно сместување – прифатилиште или друга безбедна средина

- Обезбедена хуманитарна помош - храна, облека и хигиенски средства потребни веднаш по сместувањето, како и во текот на нивниот престој.
- Медицинска помош (редовни медицински прегледи, гинеколошки прегледи, тестови за хив/сида и хепатити итн.)
- Специјализирана психо-социјална помош - Редовна психо-социјална помош и советување на жртвите вклучувајќи различни видови третмани и сесии, групна терапија и индивидуално советување
- Правно советување - Поддршката на жртвите од трговијата со луѓе за остварување на нивните права и застапување пред суд.
- Редовно и алтернативно образование во најразлични форми (редовно, вонредно и вечерно училиште)

### 8.3 ПРЕПОРАКИ

Во текот на работата за 2013-2014 година беа забележани повеќе проблеми во работата со жртви и обезбедување услуги од програмата за Социјална асистенција на Отворена Порта. Како препораки за подобрување на работењето и севкупниот систем на поддршка на децата жртви се:

- Планирањето и обезбедувањето технички, човечки и финансиски ресурси на ниво на државните институции заради обезбедување соодветна социјална поддршка на жртвите на трговијата со луѓе, согласно со нивните индивидуални потреби.
- Владата да обезбеди средства за финансирање на НВО кои имплементираат активности против трговијата со луѓе. Покрај поддршката од меѓународните донатори, потребно е средствата да се обезбедат и од сопствените, внатрешни ресурси.
- Потребно е превентивно да се работи со семејството кое претставува ризик фактор за лицето да стане жртва на трговија со луѓе и тоа на: надминување на дисфункционалноста, конфликтите меѓу брачните партнери/родителите, семејното насилство, алкохолизмот, криминалитетот и подобрувањето на материјалната положба на семејството.
- Потребно е да се работи поинтензивно на откривање на експлоатацијата, а особено на трудовата, која е во тренд на зголемување, преку изнаоѓање пософистициран пристап во откривањето на жртвите на трговија со луѓе и прогон на трговците.
- Партнерството во планирањето и реализирањето на овие активности е задолжително, а интересот и потребите на лицата/детето секогаш треба да се во прв план при давањето директна помош и заштита. Потребно е

развивање на подолг и поинтензивен третман на самата жртва на трговија со луѓе за надминување на состојбата во која се наоѓа жртвата.

- Имајќи го предвид фактот дека голем дел од жртвите се враќаат во истата средина, и се соочуваат со проблемите што ги имале пред да станат жртви, потребна е поголема поддршка од страна на ЦСР, НВО и членовите на заедницата за нивно поефикасно реинтегрирање во општеството.
- Да се пронајдат нови форми за згрижување и реинтеграција на жртвите, а моменталното враќање во природното семејство да се оствари само кога е во интерес на жртвата.
- Потребно е да се засилат реинтеграциските процеси на локално ниво. Овде може да даде придонес граѓанскиот сектор во партнерство со Центрите за социјална работа.
- И покрај тоа што соработката меѓу граѓанското општество и државата е на задоволително ниво, сепак, постои потреба за поголемо препознавање на улогата на невладините организации кои работат на овој проблем и кои се важни актери во процесот на реинтеграција.
- Зајкнување на улогата на раположливите СОС линии во процесот на идентификација и упатување на жртвите од трговија со луѓе преку промоција на телефонскиот број и услугите кои се обезбедуваат за широката јавност.
- Да се изнајдат начини за ефикасна компензација на жртвите од трговија со луѓе која им е доделена во текот на судската постапка.

# 9. ПРИЛОЗИ

**Прилог 1**

**Прашалник за вклученоста на деца Роми од 3 до 5 години во установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст**

***Почитувани,***

***Пред Вас се наоѓа прашалник преку кој сакаме да добиеме информации за вклученоста на децата Роми во Вашата градинка/Центар за ран детски развој. Овој прашалник е наменет за членовите на стручната служба во Вашата институција, а податоците се однесуваат на бројот и начинот на вклучување на децата Роми во установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.***

***Добиените информации од ова истражување ќе бидат дел од Извештај за состојбата со правата на децата во Македонија[21].***

***Однапред Ви благодариме на соработката и Ви посакуваме пријатна работа!***

1. Колкав е вкупниот број на деца кои се вклучени во Вашата градинка/центар за ран детски развој на возраст од 3 до 5 години?

| **Вкупен број на деца од 3 до 5 год.** | |
|---|---|
| **Машки** | |
| **Женски** | |

2. Колкав бројот на деца Роми кои се вклучени во Вашата градинка/центар за ран детски развој? ________________________________________________________________

3. Ве молиме наведете го бројот на деца Ромчиња, во согласност со долунаведената поделба:

